**Универзитет “Св. Кирил и Методиј”- Скопје**

**Филозофски Факултет - Скопје**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

**Стратегиски и одбранбени студии - Меѓународни односи и дипломатија (втор циклус)**

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Тема:

# „Улогата на одбранбената дипломатија и воената дипломатија во остварувањето на одбранбената политика на Република Северна Македонија “

**Ментор:**
Проф. д-р Марина Митревска

**Кандидат:**
Ангела Нешовска
бр. на индекс 5252/19

**Скопје, јуни 2024 година**

## Содржина


Вовед ..... 4

1. Дипломатија ..... 7
   - 1.1 Дефинирање на поимот дипломатија ..... 7
   - 1.2 Генеза на поимот дипломатија ..... 10
   - 1.3 Задачи на дипломатијата ..... 11
   - 1.4 Функции на дипломатијата ..... 12
   - 1.5 Видови дипломатија ..... 14
     - 1.5.1 Билатерална дипломатија ..... 14
     - 1.5.2 Дипломатија на врвот или самит-дипломатија ..... 16
     - 1.5.3 Мултилатерална дипломатија ..... 17
     - 1.5.4 Јавната дипломатија ..... 19
     - 1.5.5 Воена дипломатија ..... 19
     - 1.5.6 Превентивна дипломатија ..... 20
2. Одбранбена дипломатија ..... 21
   - 2.1 Дефинирање на одбранбената дипломатија ..... 21
   - 2.2 Генеза на одбранбента  дипломатија ..... 23
   - 2.3 Функции на одбранбената дипломатија ..... 24
   - 2.4 Области и инструменти на одбранбената дипломатија ..... 26
   - 2.5 Потребите од одбранбената дипломатија ..... 28
   - 2.6 Одбранбената дипломатија водена од страна на светските сили ..... 29
     - 2.6.1 САД ..... 30
     - 2.6.2 Земја од Централна Азија – Индија ..... 34
     - 2.6.3 Европска држава – Шпанија ..... 35
3. Воена дипломатија ..... 39
   - 3.1 Дефинирање на поимот воена дипломатија ..... 39
   - 3.2 Функции и задачи на воената дипломатија ..... 41
   - 3.3 Видови на воената дипломатија ..... 43
     - 3.3.1 Воена дипломатија на врвот ..... 43
     - 3.3.2 Воено-дипломатските претставништа ..... 44
     - 3.3.3 Воено-економски претставништва ..... 45
     - 3.3.4 Воени мисии ..... 46
     - 3.3.5 Воени комисии ..... 46
   - 3.4 Воено аташе ..... 46
   - 3.5 Воената дипломатија како алатка за стекнување на политичка и воена моќ ..... 48

3.6 Воената дипломатија наспроти одбранбената дипломатија .................................. 50

4. Одбранбената политика низ призмата на одбранбената и воената дипломатија.......... 53

4.1 Дефинирање на поимот одбранбена политика....................................................... 53
4.2 Одбранбената политика во поглед на ЕУ и НАТО ................................................ 55
4.3 Одбранбена политика на Република Македонија ................................................... 57
4.4 Стратегски документи на одбранбената политика на Република Северна Македонија............................................................................................................................ 58

4.4.1 Национална концепција за безбедност и одбрана ........................................... 58
4.4.2 Стратегија за одбрана ........................................................................................ 62
4.4.3 Стратегиско одбранбен преглед ....................................................................... 64
4.4.4 Долгорочниот план за развој на одбранбените способности .......................... 66

4.5 Остварување на одбранбената политика преку одбранбена и воената дипломатија на Северна Македонија...................................................................................................... 71

4.5.1 Билатералните и мултилатералните воени вежби како инструмент на Република Северна Македонија ......................................................................................... 74
4.5.2 Армијата - дел од мировните операции ............................................................ 75
4.5.3 Дипломатските претставници во одбраната на Република Северна Македонија ........................................................................................................................... 76
4.5.4 Родовата перспектива во одбраната на Република Северна Македонија........ 77

Заклучок ................................................................................................................................ 80
Користена литература.......................................................................................................... 82

## Вовед

*Историски гледано дипломатија е античка професија. Истовремено и воената соработка како практика се смета дека е исто толку стара. Потврда на тоа е фактот дека воените сојузи, коалициите и мултинационалните сили се дел од најраната запишана историја*. Во рамките на општата дипломатија воениот фактор имал релевантна улога низ нејзиниот развој, дури во одредени периоди доминирал над општата дипломатија, а дипломатските кадри биле регрутирани првенствено од воените кругови.[1]

Политичката сцена која драстично се менува по крајот на Студената војна, распадот на федерации, создавањето на нови држави создаваат услови за нови глобални односи и проширување на задачите на дипломатските претставници, како и за дефинирање повеќе типови на дипломатија.

Денес постојат повеќе типови на дипломатија и тоа: билатерална дипломатија, дипломатија на врвот или самит-дипломатија, билатерална дипломатија, дипломатија на врвот или самит-дипломатија, мултилатерална дипломатија, јавната дипломатија, воената дипломатија, превентивна дипломатија и др.[2]

Фокус на интерес во магистерскиот труд се воената дипломатија и одбранбената дипломатија од аспект на нивниот предмет и функции.

Првите „воени аташеа“ речиси секогаш потекнувале од редовите на генаралштабските офицери како најкомпететни лица кои имале познавање не само од воената стратегија на својата земја, туку и од воените стратегии на другите земји.

Што е воена дипломатија е прашање на кое често му се модификува одговорот од причина што војните што ги има светот оставено позади себе повеќекратно влијаеле врз забрзаниот развој на воената дипломатија сè додека таа не добила улога на воена сила и способност на државите на воениот фактор на меѓународен пат.

Потеклото на одбранбената дипломатија лежи во класичната воена дипломатија што постоела уште од античко време. Предноста на овој пристап е во неговата сеопфатност, иако дава само мало навестување за тоа што всушност може да се вклучи. Причините за спроведување на одбранбената дипломатија обично вклучуваат ситуации каде што треба да има прекинуање на непријателството, градење и одржување доверба и

[1]Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр.52.
[2] Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр.46

помагање во создавање и развој на одговорни демократски воени сили. Активностите како воспоставување контакти меѓу службените лица, назначување на аташе за одбрана, кооперативни ангажмани од различни видови, обезбедување на материјална опрема или друга материјална помош,  активности за размена и обука, исто така треба да бидат вклучени во опсегот на активности на одбранбената дипломатија.

Одбранбената политика е само еден сегмент на системот за национална безбедност за остварување на одбранбените цели и претставува одговор на постојните и идни закани, ризици и предизвици по националната одбрана.

Одбранбената политика ги разгледува суштинските начела за неповредливост на границите, добрососедство, социјалната кохезија и заштитата на човековите права во рамките на меѓународното право и правото за самоодбрана. Концептите за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност заземаат централно место заедно со базичниот принцип на промоција на безбедноста, мирот и стабилноста. Сите процеси на одбранбената политика во фокусот ќе го имаат граѓанинот како основен носител на одбраната на државата.[3]

Одбранбената политика на Република Северна Македонија се стреми кон соодветна изградба, усогласеност и координација на системот за одбрана со другите делови на системот за национална безбедност. Таквата ориентација е со цел да се придонесе за зголемување на безбедноста на државата и подобрување на надворешното безбедносно опкружување во регионот и во Европа.[4]

Со ова се отвора можност за поставување на истражувачки прашања во врска со дипломатијата, конкректно за одбранбената и воената дипломатија  како нејзини два вида кои се наша тема на интерес и нивното остварување во одбранбена политика , како што се следните:

1. Што претставува и како може да се дефинира одбранбената дипломатија?
2. Што претставува и како може да се дефинира воената дипломатија?
3. Кои се разликите меѓу одбранбената и воената дипломатија?

[3] Стратегија за одбрана на Република Северна Македонија. Службен весник бр.75 од 24.03.2020 година, стр.6

[4] Ѓуровски, М.: Докторска дисертација, *Анализа на современите теориско-концепциски пристапи во креирањето на безбедносната политика на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2014, стр.20.

4. Која е улогата на одбранбената дипломатија во Република Северна Македонија, а која е улогатата на воената дипломатија?
5. Која е улогата на одбранбената и воената дипломатија во одбранбената политика по влегувањето на Република Северна Македонија во НАТО?

Преку овој труд ќе бидат анализирани и одговорени овие истражувачки прашања. Во првиот дел се посветува внимание на дефинирање на поимот дипломатија, на неговата генеза, утврдување на функциите на дипломатија, како и претставување на типовите на дипломатија.

Вториот дел и третиот дел од овој магистерски труд ќе се фокусираат на дефиницијата за „одбранбената дипломатија“ и „воената дипломатија“, а потоа и на утврдување на нивните врски со избрани сродни феномени, кои се меѓусебно поврзани со нив, како и дефинирање на главните функции на воената дипломатија и одбранбената дипломатија, како во историскиот контекст, така и во сегашната практика.

Во четвртиот дел ќе се прикаже детален осврт на историја на одбранбената политика на Република Северна Македонија, воедно и значењето на дипломатиите по влезот на РСМ во НАТО.

.

# 1. Дипломатија

## 1.1 Дефинирање на поимот дипломатија

Дипломатија е ексклузивна општествена активност и историска категорија. Се смета дека дипломатијата е најстар облик на општење меѓу државите.[5] Дипломатијата е фундаментален аспект на меѓународните односи, служејќи како средство за нациите да комуницираат, да преговараат, односно разменуваат информации, идеи и интереси со цел да се постигнат заеднички цели и да се решат конфликтите на мирен начин. Тоа е сложен и повеќеслоен концепт кој опфаќа различни стратегии, техники и практики. Постоењето на човештвото на разумно ниво на цивилизација е практично невозможно без мир, трговија и социјални односи меѓу националните држави и овие работи зависат од дипломатијата, од застапеноста на државите и приспособувањето на нивните контакти.

Поимот дипломатија потекнува од грчкиот збор диплома, што во превод значи акт на суверен превиткан на две. Се претпоставува дека терминот дипломатија почнал да се користи во ситуации, кога некој специјален пратеник на суверениот, носел некој превиткан (скриен, недостапен за секого) документ со себе, овластен да му го предаде на друг суверен. Носитетелот на дипломата започнал да се нарекува дипломат.[6]

Дипломатијата е концепт кој постои многу векови, дури и пред да добие официјално име. Дипломатијата можеме да се претстави и како уметност на водење преговори меѓу народите, којашто низ историјата е користена за одржување на мирот, создавање сојузи и промовирање на меѓусебното разбирање со што имала клучна улога во обликувањето на текот на историјата. Од античките цивилизации до современиот свет, дипломатијата еволуира и се приспособува на променливата динамика на меѓународните односи. Гледајќи нананзад низ историјата може да се види дека дипломатијатаја има и во античките цивилизации како Египет, Месопотамија и Кина. Во овие рани општества, дипломатите биле назначени да преговараат за договори, да воспоставуваат трговски односи и да решаваат спорови. На пример, писмата Амарна, кои датираат од 14 век пр.н.е.,

---

[5] Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр.19

[6] Chase. W. F., *The Diplomats Dictionary*, United States Institute of Peace Press,Washington, 1997, pg.70, Преземено од Маневска М., Магистерски труд - *Улогата на одбранбената дипломатија во остварувањето на националната безбедност на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2015, стр.8

откриваат дипломатска кореспонденција меѓу египетските фараони и соседните кралства. Овие рани форми на дипломатија ги поставиле темелите за идните дипломатски практики.

Античките Грци основале амбасади и дипломатски претставништва за да одржуваат односи со другите градови-држави. Слично на тоа, Римската империја вработувала дипломати за да преговараат за договори и да обезбедуваат сојузи. Овие институции обезбедуваат рамка за дипломатски интеракции и поставување на преседани за идните дипломатски практики.

Современата ера е сведок на значителни промени во дипломатските практики. Вестфалскиот мир во 1648 година означува пресвртница со воспоставувањето на принципот на државен суверенитет и немешање во внатрешните работи. Со тоа се поставуваат основите за модерниот систем на национални држави и развојот на дипломатските протоколи. Виенскиот конгрес во 1815 година дополнително ја зацврстува улогата на дипломатијата во одржувањето на рамнотежата на силите меѓу европските народи.

20-тиот век е сведок на подемот на мултилатералната дипломатија и формирањето на меѓународни организации како што се Обединетите нации (ОН). Овие институции обезбедуваат платформи за нациите да се вклучат во дипломатски преговори, да се справат со глобалните предизвици и да ја промовираат соработката. На пример, ОН одиграа клучна улога во решавањето на конфликтите, олеснувањето на мировните мисии и промовирањето на човековите права.

Не постои општа дефиниција за дипломатијата којашто може да биде прифаќање или консензус. Последователно, има толку дефиниции за дипломатијата колку што има писатели на овој концепт.

*Дипломатијата е* управување со меѓународните односи преку преговарање, тие односи се регулираат и управуваат со амбасадори и пратеници, па под дипломатија ја подразбираме работата и вештините на дипломатите.[7]

*Дипломатијата во поширока смисла* може да се дефинира како водење на меѓународните односи со мирољубиви средства. Современите меѓународни односи не се само односи меѓу суверените држави, туку и односи кои ги вклучуваат меѓународните и супранационалните организации, како и други меѓународни актери.

[7] Nicolson, H., Diplomacy, Oxford University Press, London, 1950, pg, 15.

*Дипломатијата е* инструмент на политиката, нејзина цел е унапредување на националните интереси со мирољубиви средства, реализирање на одредени политички интереси на меѓународен план.

Дипломатските активности се вршат во рамките на меѓународното право, чија основна функција е да се овозможи мирољубива коегзистенција на државите.

*Дипломатијата во потесна смисла* означува водење на меѓународните односи од официјални претставници на државите, на меѓународните организации и на другите меѓународни актери. Уште потесна дефиниција на дипломатијата е определувањето како водење на односи меѓу суверени држави од нивните претставници во странство.

Дипломатијата користи одреден сет на вештини, алатки, процедури, методи, норми и правила како општествени практики со цел да го оркестрира и ублажи дијалогот меѓу државите и на тој начин да ги оптимизира содржината и квалитетот на меѓународните односи, вклучително и управувањето со промените.[8] Конвенционално изедначена со преговарање за решавање на конфликти, дипломатијата нашироко се смета како алтернатива на војната и војната како неуспех на дипломатијата.

Поуките кои ги оставиле во наследство теоретичарите и многу искусни дипломати упатуваат на заклучокот дека преценувањата и потценувањата за силата и моќта помеѓу државите може да бидат фатални и да бидат сериозна закана за мирот и безбедноста.

Токму затоа меѓународната политичка сцена бара мудра дипломатија која ќе може да ги заштити виталните интереси на државата, но и да придонесе кон одржување на мирот.

Сепак, дипломатијата не е без предизвици и ограничувања. Дипломатските преговори може да бидат сложени и одземаат многу време, бараат трпение, вештина и компромис. Освен тоа, не сите нации се придржуваат до принципите на дипломатијата, а некои може да прибегнат кон принуда, агресија или непочитување. Во такви случаи, дипломатските напори може да бидат поткопани и може да бидат неопходни алтернативни мерки, како што се економски санкции или воена интервенција. Иако дипломатијата има свои предизвици, нејзината важност не може да се прецени во свет каде што мирниот соживот и соработката се од суштинско значење за глобалната стабилност и напредок.

---

[8] Bolewski W,. *Diplomacy and International Law in Globalized Relation*, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2007, p. 25.

Термините „дипломатија“ и „надворешна политика“ често се мешаат, но тие не се синоними. Меѓутоа, иако постои голем степен на меѓузависност и поколопување помеѓу нив, сепак и двата поими се различни.[9] Дипломатијата е најважниот, но не и единствениот инструмент на надворешната политика. Дипломатијата како метод се занимава со артикулирање на надворешната политика. Станува збор за средствата, а не за целите на надворешната политика. Дипломатијата на тој начин служи како одличен инструмент за спроведување на надворешната политика.

По дефиниција, надворешната политика треба да биде дел, поточно значителен дел од политиките што која било држава или суверен политички ентитет ги спроведува. Ние ја именуваме таа политика како надворешна политика, но и други луѓе ја нарекуваат - меѓународна политика, светска политика, глобалната политика, меѓународни односи, компаративна политика.[10]

## 1.2 Генеза на поимот дипломатија

Почетоците на дипломатијата може да се проследат наназад во античките цивилизации, каде што се појавила потребата за комуникација, преговарање и мирно решавање на конфликтите. Дипломатијата, како практика, се појавила кога општествата станале послoжени и интеракциите меѓу различните групи се зголемиле.

Историски гледано, дипломатијата е една од најстарите институции на меѓународното право која се сретнува, уште во времето на најстарите држави на Исток (Асирија, Индија), Стара Грција, Рим, кога за прв пат била признаена неповредливоста на дипломатските претставници. Овие рани дипломатски интеракции првенствено биле фокусирани на воспоставување сојузи, преговарање, договори и решавање на спорови. Римската империја развила софистициран дипломатски систем за управување со своите огромни територии и одржување на односите со странските сили. Дипломатски мисии, познати како „легати“, биле испратени да преговараат за договори, да воспостават сојузи и да собираат разузнавачки информации. Римскиот дипломатски кор одигрува клучна улога во проширувањето и одржувањето на империјата.

---

[9] Маролов Д., *Меѓународно јавно право*, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Штип, 2020, стр.173.
[10] *Enciklopedija politicke culture, Savremena administracija, Beograd, 1998, str.*873.

Првите почетоци на поразвиена дипломатија се во периодот на ренесансата. Во овој период дошло до промена во дипломатските практики преку појавата на постојани дипломатски претставништва и резидентни амбасадори. Вестфалскиот мир во 1648 година, со кој завршува Триесетгодишната војна, ги воспоставува принципите на модерната дипломатија, вклучувајќи го и признавањето на суверените држави и принципот на немешање во внатрешните работи.

Дипломатијата во денешна смисла, датира од 18 век. Во 1626 година кардиналот Ришелје (Richelieu) како дипломатски советник го формирал првото Министерство за надворешни работи. Оваа идеја во наредниот период ја прифатиле многу европски држави и тие формирале министерства за надворешни работи.[11]

До Првата светска војна како дипломатски јазик од посебно значење е францускиот и во тоа време било корисно секој дипломат да го знае овој јазик. По Првата светска војна во дипломатијата се воведува и англискиот јазик. Затоа, многу земји, подоцна, барале конверазцијата, меѓународните договори, спогодбите и други поважни меѓународни документи да бидат пишувани и водени и на нивниот јазик. Иако за светски јазици се сметаат францускиот, англискиот, шпанскиот, рускиот, германскиот и кинескиот јазик, формално ниеден јазик, денес не е признат за официјален јазик. Од тоа произлегува и зголемената потреба од преведувачи.

## 1.3 Задачи на дипломатијата

Според најголемиот број автори, дипломатија е уметност и пракса на водење на преговори меѓу овластени личности, кои претставуваат групи или нации. Најчесто се однесува на меѓународна дипломатија, водење на меѓународни односи преку посредувањето на професионални дипломати во врска со прашања поврзани со постигнувањето на мир, култура, економија, трговија и војна. Според Ханс Моргентау, најважно е дипломатијата да делува за унапредување на националниот интерес по мирен пат.

Според Моргентау, дипломатијата има четири основни задачи: [12]

---

[11] Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 27.

[12] Малески Д., *Меѓународна политика*, Правен факултет “Јустинијан Први“, Скопје, 2000, стр.101.

1. Дипломатија мора да ги определи своите цели во согласност со својата вистинска моќ;
2. Дипломатијата мора да ги процени целите и на другите држави, но и нивната вистинска моќ;
3. Дипломатијата мора да определи до кој степен овие различни цели се компатибилни; и
4. Дипломатијата мора да примени соодветни средства за постигнување на овие цели.

Моргентау смета дека онаа држава која си поставила цели и за истите нема моќ да ги оствари, ќе се соочи со војна. Трошејќи ја својата моќ да оствари нешто недостижно, подоцна нема да биде доволно силна за да ја одврати непријателската држава од закана. Во таа насока според Моргентау, важно е да се води интелигентна и мирољубива надворешна политика, а мудрата дипломатија да ги искористи средствата убедување, компромис и закана за употреба на сила.

## 1.4 Функции на дипломатијата

Виенската конвенција за дипломатски односи, усвоена во 1961 година, ги истакнува функциите на дипломатијата кои служат како водечки принципи за дипломатите ширум светот. Овие функции вклучуваат:

- претставување,
- преговарање,
- собирање информации,
- заштита на државјани и
- промовирање пријателски односи. [13]

Со испитување на овие функции, можеме подобро да ја разбереме клучната улога што ја игра дипломатијата во меѓународните односи.

*Претставување:* Претставувањето е клучен аспект на дипломатијата, бидејќи вклучува дипломати кои дејствуваат како официјален глас на нивната земја во државата на прием. Дипломатите дејствуваат како официјален глас на нивните земји, пренесувајќи ги нивните позиции, политики и интереси. Истите се впуштаат во формални и

[13] Vienna Convention on Diplomatic and Optinal Protocol on Desputes, Vienna, 1961.

неформални разговори, осигурувајќи дека перспективите на нивната влада се прецизно пренесени.

*Преговорање:* Дипломатијата служи како основа за мирни преговори и решавање на конфликти. Дипломатите се впуштаат во дипломатски дијалог, бараат заеднички јазик и изнаоѓање решенија за споровите. Со употреба на дипломатски вештини, како што се посредување и компромис, дипломатите можат да спречат конфликтите да ескалираат во војни од целосен размер. Станува збор за функција, за која уште во времето на класичната (француската) дипломатија се сметало дека станува збор за најважна активност.[14]

*Собирање информации:* Дипломатите делуваат како очи и уши за нивните влади, собирајќи корисни податоци за политичката, економската и социјалната динамика на земјата домаќин. Оваа функција им дава слика на примателите на податоците да донесуваат информирани одлуки и да развијат ефективни стратегии. Со одржување блиски односи со локалните функционери, дипломатите добиваат увид во политиките, намерите и потенцијалните закани на земјата домаќин. Ваквите информации се клучни за националната безбедност и обликувањето на надворешната политика.

*Заштита на државјани:* Дипломатските претставништва, освен тоа што се одговорни за заштита на интересите на државата се одговорни и за правата и интересите на нивните државјани кои живеат или патуваат во земјата домаќин. Дипломатските претставништва, исто така, обезбедуваат јавни услуги за своите државјани, вклучително и делување како нотар, обезбедување изборна регистрација, издавање пасоши и документи за воена регрутација, упатување повредени или болни државјани на локални лекари и адвокати и обезбедување недискриминаторен третман за оние обвинети или затворени за кривични дела. [15]

*Промовирање на пријателски односи*: Елегантниот дел од дипломатијата има за мисија да изгради што повеќе мостови меѓу земјите со цел да ги поттикне пријателските односи меѓу народите, промовирајќи културна размена, трговија и соработка, со помош на различни начини како организирање културни настани, изложби и програми за размена за да го подобрат меѓусебното разбирање и благодарност.

[14] Митревска М., Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 38.

[15] https://www.britannica.com/topic/diplomacy/Conference-diplomacy - пристапено на ден 19.01.2024 година.

## 1.5 Видови дипломатија

Со текот на времето се појавиле нови видови дипломатија покрај примарната верзија на преговарање, каде што се повеќе се промовираат и други функции на дипломатијата. Тие функции се поврзани со собирање на информации, разни лобирања, појаснувања на намери поддршка на одредени активности, помагање на сонародници кои се во странство, соопштувања на јавни симпатии кон странска политика. Со ширењето на фокусот на дипломатијата се појавиле различни модели, начини или канали преку кои се извршуваат сите функции на дипломатијата.

Повеќе автори прават поделби на различните видови на дипломатии, меѓу кои и е поделбата на професорката Митреска според која дипломатијата може да биде:

- Билатерална дипломатија
- Дипломатија на врвот или самит-дипломатија
- Мултилатерална дипломатија
- Јавна дипломатија
- Економска дипломатија
- Воена дипломатија
- Превентивна дипломатија

### 1.5.1 Билатерална дипломатија

Билатералната дипломатија е најстариот вид дипломатија, бидејќи уште во XVI век се воведени постојани дипломатски мисии со што започнува една нова ера во развојот на дипломатијата којашто во поранешните форми била само дипломатија на повремени претставници и adhoc делегации. Таа е од фундаментална важност за меѓународните односи, служи како камен-темелник за воспоставување и одржување на односите меѓу две нации. Тоа вклучува размена на идеи, преговори и соработка за различни прашања од заеднички интерес.

Во денешни услови, изразот „билатерална дипломатија“ значи комуникација што во кој било момент е ограничена на две страни, не определувајќи го притоа ниту начинот,

ниту пак контекстот на комуникација.[16] Според Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година билатералната дипломатија е форма на односи помеѓу две држави што се воспоставуваат со нивна взаемна согласност[17] и се манифестира со постоење и дејствување на постојани дипломатски мисии, односно амбасади и конзулати, јасно е дека станува збор за водење конвенционална билатерална дипломатија.

Еден од функционалните пристапи на Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година е тоа што на самиот документ му е придадена огромна важност, бидејќи во неа по првпат се набројуваат вистинските функции на дипломатското претставништво. За првпат во формален, легален инструмент.

Според Виенската конвенција за дипломатски односи согласноста помеѓу две држави за воспоставување дипломатски односи може да биде во различна форма, како обична усна согласност, размена на ноти или писма, заедничко соопштение или во форма на меѓународен договор, во зависност од практиката на државите. Обично, во таа прилика се постигнува и согласност за отворање дипломатски мисии, иако тоа е следниот чекор, после согласноста за воспоставување дипломатски односи. Неретко постојат случаи, кога само едната држава отвора дипломатска мисија во главниот град на друга држава, а другата држава, најчесто од финансиски причини, не отвора постојана мисија, најчесто акредитирајќи свој амбасадор во трета држава. Но, дипломатските односи и отворањето на дипломатските мисии, пред сè зависат од значењето и обемот на проблематиката во односите помеѓу две земји, а не првенствено, како што често се мисли од пријателските или помалку пријателските односи меѓу поодделни држави. Тоа најдобро го покажува фактот дека и во време на најзаострени односи, државите со обемна билатерална проблематика, особено соседни, ретко ги прекинувале дипломатските односи или ги затворале своите мисии.

Билатералната дипломатија игра клучна улога во денешниот, меѓусебно поврзан свет, олеснувајќи го дијалогот, соработката и разбирањето меѓу народите. Со градење

[16] Berridge G. R., Diplomacy : *Theory and Practice*, Palgrave, New York, 2002.

[17] На Виенската конференција за дипломатски односи во 1961 година Чехословачка предложила да се утврди правото на државите да воспоставуваат дипломатски односи, што би значело дека согласноста од страна на државата на прием воопшто да не биде потребна. Предлогот е одбиен од страна на повеќето учесници, така што во Виенската конвенција за дипломатски односи е внесено, односно кодификувано постојното правило од меѓународното обичајно право, дека дипломатски односи може да се воспостават само со взаемна согласност на двете држави.

доверба, олеснување на трговијата и промовирање културни размени, билатералната дипломатија придонесува за глобалната стабилност и просперитет.

Влошувањето на политичките односи меѓу две држави се манифестира преку други форми кои укажуваат на состојба во дипломатските односи. Тоа обично е повлекување на шефот на мисијата на покусо или подолго време (на реферирање или со директно укажување дека повлекувањето е поради влошување на односите), со намалување на рангот на шефот на мисијата на вршител на работи ad interim, отповикување на амбасадорот или прогласување на шефот на дипломатската мисија за persona non grata од страна на државата на прием.

### 1.5.2 Дипломатија на врвот или самит-дипломатија

Самит дипломатија или дипломатија на врвот е термин кој има посебно значење на полето на меѓународните односи. Тоа се однесува на практиката на состаноци на високо ниво меѓу лидерите на различни нации, кои обично се одржуваат на неутрална локација. Овие самити служат како платформа за лидерите да разговараат и преговараат за различни прашања од заемен интерес. Брзиот развој на дипломатијата на врвот во 20-тиот век придонесе самит дипломатијата да стане составен дел на политичкото општење помеѓу државите, за разлика од минатото кога посетите и средбите од страна на шефовите на државите биле ретка и исклучителна појава. За разлика од самитите каде што присуствуваат повеќе држави, на самитите на државите или шефови на држави коишто се моќни и богати се носат значајни меѓународни одлуки. Самитите може да бидат билатерални или во рамките на мултилатералната дипломатија. Исто така, може да бидат редовни или ad hoc, по повод разни настани (церемонии, свадби, крунисувања, па и на погреби). Голем број од билатералните самити со текот на времето станале редовни.

Ad hoc самитите се, исто така, многубројни и во согласност со приликите се многу разновидни. Настан за одржување т.н. ad hoc самит може да биде инагурација на шеф на држава, венчавка на монарх, како и погреб на висок државник. Овој вид самит постепено добил и посебно име „погребен самит“. Покрај самитите на кои е планирано да се дискутира за одредени прашања, сите останати ad hoc самити, а особено церемонијалните или комеморативните, не оставаат простор за сериозна дискусија, туку повеќе за запознавање или површна размена на мислења помеѓу шефовите на државите или владите.

Од страна на дипломатите од кариера постои огромен сомнеж и низ дипломатската

литература искажана е голема недоверба кон дипломатијата спроведувана од страна на политичарите. Критиките се во делот на тоа дека политичарите немаат познавања од дипломатските техники и вештини, не се доволно запознаени со деталите на политиките во одредени земји за да си дозволат да се впуштаат во дискусија, а критиките одат и дотаму дека на политичарите единствено нешто што им е важно е да се изрекламираат, па од тие причини понекогаш потпишуваат неважни или дури и погрешни документи. Дипломатите, исто така, наоѓаат забелешки на ваквиот вид дипломатија поради времето, односно кусите средби не оставаат простор за длабока дискусија или усогласување на некои прашања.

Сепак, иако сите овие негативни коментари и мислења околу самит дипломатијата се извлечени од негативни искуства од досега одржани самити, не би можело да се каже дека самит дипломатијата има незначителен придонес во развојот на меѓународните односи, обезбедувањето мир и соработка во современиот свет. Односот помеѓу членките на Меѓународната заедница, може да се унапредува и зајакнува, само преку средбите на шефовите на државите создавајќи заемна доверба преку личен контакт. Притоа преку разговор да се обидат да решат спорни прашања кои инаку се на пониско ниво, а коишто сигурно би се решавале многу потешко и побавно.

Под услов дипломатијата како професија и организација да го даде својот максимум, самитите во ниеден случај не може да ја загрозат дипломатската активност на една држава, напротив, може само да ја збогатат и надополнат, во најголем број случаи.

### 1.5.3 Мултилатерална дипломатија

Мултилатералната дипломатија е клучен аспект на меѓународните односи, дозволувајќи им на нациите да се здружат, да се вклучат во дијалог и да најдат колективни решенија за глобалните предизвици. Нејзината генеза може да се проследи наназад до античките цивилизации, но се здоби со важност по Втората светска војна со основањето на Обединетите нации. Мултилатералната дипломатија ја промовира соработката, ги решава конфликтите и ги поддржува глобалните норми и вредности. Тоа е суштинска алатка за поттикнување мир, стабилност и развој на глобално ниво.

Државата, како субјект во меѓународните односи, дејствува во односите со надворешниот свет на два начини - поединечно, во рамките на билатералните односи со

останатите субјекти на меѓународната заедница, како и преку т.н. повеќестран, мултилатерален однос спрема група на држави или поинаку речено спрема останатите субјекти на меѓународните односи, т.е. со меѓународната заедница во целина[18]. Ако едната страна од дипломатијата на една држава е серија од поединечни односи со повеќе слични субјекти, со кои се воспоставени дипломатски односи, другата страна е, без сомневање, дејствувањето во односите на заедницата која тие субјекти ја сочинуваат. На ниту една држава, не и е сеедно како на глобален план ќе се решаваат прашањата од заеднички интерес, почнувајќи од оние најважните, како одржување на меѓународниот мир и безбедност, па до прашања од типот како да се заштити редок животински вид на кој му се заканува истребување, како да се обезбеди заштита на археолошките богатства или она што денес е особено важно, како ќе се справи човештвото со климатските промени.

Секоја држава, не само што ќе покаже интерес за сите прашања од заеднички интерес, туку и активно ќе учествува во нивното решавање, настојувајќи усвоеното решение да биде што поповолно за нејзиниот индивидуален, национален интерес. Ваквото заедничко дејствување, во рамки, кога често се создава поголема група на држави кои поради своите исти или слични интереси работат заеднички, ваквото обезбедување на поддршка и сојузништво во однос на решението кое се сака и ваквиот збир на односи кој има исход во една земја и претставува важен вид на нејзината надворешна политика, се нарекува мултилатерална дипломатија на некоја држава.[19] Гледана во целина, мултилатералната дипломатија на глобално ниво претставува збир од сите видови на надворешно делување на секоја од членките на меѓународната заедница.

Горенаведеното, всушност, претставува појмовно определување на мултилатералната дипломатија во класична смисла.

Може да се издвојат две генерални групи на активности во кои се манифестира мултилатералната дипломатија.

---

[18] Фрчковски, Љ., Тупорковски, В., Ортаковски, В., *Меѓународно јавно право*, Табернакул, Скопје, 1995, преземено од Јовановски З., Каровска-Анддоновска Б., Мултилатерална дипломатија и нејзината поставеност спрема меѓународното и дипломатско право, Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2018, стр 676.

[19] Јовановски З., Каровска-Анддоновска Б., *Мултилатерална дипломатија и нејзината поставеност спрема меѓународното и дипломатско право,* Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2018, стр 672.

*Првата*, опфаќа конференциски активности организирани од страна на меѓународните организации (на пр. ООН) или регионалните организации ( на пр. НТО ОБСЕи др) и кои имаат точно зацртани правила за свое делување.

*Втората* опфаќа конференциски активности со меѓународен карактер на кои се расправаат конкретни прашања од доменот на економија,трговија, екологија и сл.[20]

### 1.5.4 Јавната дипломатија

Јавната дипломатија може да се дефинира како владини спонзорирани програми со намера да информираат или да влијаат на јавното мислење во другите држави.[21] Јавната дипломатија подразбира дипломатија кон граѓаните и јавностите во странство, во невладините организации, во научните институции, на универзитетите и кај уметничките и културните здруженија и формации. Јавната дипломатија не е се јавува како некоја новост во светот на дипломатија, туку подолго време развиена и мошне добра пракса во бројни земји во светот.

Јавната дипломатија, која како термин се појавува во 60те години од минатиот век во САД, во контекст на меѓународните односи, најчесто се поврзува и поистоветува со односите со странските јавности и аудиториуми. Додека стандардната, класична или традиционална дипломатија подразбира меѓусебна комуникација меѓу официјалните претставници на различни влади меѓусебно или со официјални меѓународни организации, јавната дипломатија настојува да се фокусира на комуникација со граѓаните на другите држави, односно со одредени заедници или групи граѓани, како што се: новинарите, стопанствениците, креаторите на јавното мислење, претставниците на невладините организации и сл.

### 1.5.5 Воена дипломатија

Во однос на воената дипломатија во овој дел ќе биде претставено само нејзиното поимно определување, бидејќи во трудот има една цела глава, но и самиот труд во основа е објаснување на истата.

---

[20] Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 47.
[21] Wolf Jr C., Rosen B., *Public Diplomacy How to Think About and Improve It*, RAND Corporation, 2004. Митревска М., Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет, Скопје, 2018, pg. 3.

Воената дипломатија „може да се дефинира како збир на активности што ги вршат главно претставниците на одделот за одбрана, како и други државни институции, насочени кон остварување на надворешно-политички интереси на државата во областа на безбедноста и одбранбената политика и чии активности се засноваат на употреба на преговори и други дипломатски инструменти“. Ова значење ја разликува воената дипломатија од некои други поврзани феномени, како што се дипломатската дипломатија или принудната дипломатија.[22]

### 1.5.6 Превентивна дипломатија

До конфликт помеѓу две или повеќе држави може да дојде од различни причини. Без разлика, од која причина настанал спорот, потребно е да се преземат соодветни мерки за да се спречи истиот, да не се дозволи негово ширење, ниту претворање во отворен конфликт. Како најдобро решение треба да послужи превентивната дипломатија, која несомнено најмногу може да придонесе да се избегне она што не смее да се случи.[23]

Превентивната дипломатија денес може да ја вметнеме во современите меѓународни односи и да кажаме дека е точно определена активност која е тесно поврзана со мултилатералната дипломатија. Мора да се напомене дека постои дистинкција помеѓу превентивната дипломатија од останатите видови дипломатски активности, поради три причини од витално значење на безбедноста и тоа:

- градење на мирот (peacebuilding);
- одржување на мирот (peacekeeping),и
- создавање мир (peacemaking)[24]

---

[22] Cottey A. and Foster A.: *Reshaping Defence Diplomacy: New Roles for Military Cooperation and Assistanc*e, The International Institute for Strategic Studies, Oxford University Press, Oxford, 2004, pg. 6.

[23] Богданова Ј., *Превентивна дипломатија.Улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија*, Унивирзитет Гоце Делчев-Штип, Штип, 2011, стр 21.

[24] Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 57.

# 2. Одбранбена дипломатија

## 2.1 Дефинирање на одбранбената дипломатија

Одбранбената дипломатија, како и дипломатијата воопшто, се појавила како еволутивен процес утврден со развојот на меѓународните односи и националните интереси. Корените на одбранбената дипломатија како што напоменавме лежат во воената дипломатија, со тоа што одбранбената дипломатија станала реалност на почетокот на деветнаесеттиот век и се развивала сè до почетокот на дваесет и првиот век. Интелектуалците чиј предмет на интерес се меѓународните односи дури во последните 20тина години почнале да настојуваат да дадат сеопфатена анализа на одбранбената дипломатија.

Одбранбената дипломатија можеме да ја дефинираме и како синоним за современата воена дипломатија, како специфична гранка на општата дипломатија која се занимава со воено - политички и безбедносни аспекти на меѓународните односи.[25]

Посоченото поимно определување на терминот одбранбена дипломатија опфаќа:

- разновидни меѓународни активности;
- билатерален дијалог и кооперација;
- водење од страна на Министерството за одбрана;
- учесници, сојузниците, партнерите и други пријателски земји;
- промоција на постигнувањата во одбранбената политика и
- поддршка на надворешната политика.[26]

Како суштински елементи на одбранбената дипломатија според дефиницијата дадена од Карагаќа се разноликите активности од меѓународен карактер почнувајќи од организирање на официјални и неофицијални средби на високи државни претставници, организирање на конференции, воспоставување на директни и индиректни контакти со посредници. Исто така, можеме да забележиме дека дипломатот ја има можноста за олеснуваање на процесот на комуникација за да се обезбеди подобра комуникација (дијалог) и соработка (кооперацијата) меѓу две страни. Одбранбениот дипломат е

---

[25] Карагаќа М., *Одбранбена дипломатија*, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, Београд, 2007, стр.196

[26] Маневска М., Магистерски труд - *Улогата на одбранбената дипломатија во остварувањето на националната безбедност на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2015, стр.20.

претставник кој ги застапува  интересите на државата која ја претставува, како и интересите на Министерството за одбрана од каде што ги добива насоки и упатствата за постапување, а за истото тој ги обезбедува и доставува извештаите за постигнувањата.

Во процесот на одбранбената дипломатија како учесници се јавуваат сојузниците, партнерите и други пријателски земји, односно за постигнување на целта се искористуваат сите пристапи кои би овозможиле да се постигне максимален успех. Пред јавноста се претставуваат сите оние активности кои довеле до развој, подобрување, унифицирање на одредени постапки кои се од суштенствено значење во одбранбената политика. Додека поддршката на надворешната политика би значела дека со реализација  на сите претходни објаснувања челниците, кои раководат со државата и надворешната политика, би имале систем за поддршка за надворешната политика. Меѓународните активности на одбранбената дипломатија се насочени првенствено на спречување конфликти во областа на одбраната, зајакнување на транспарентноста, зголемување на меѓусебната доверба и дефинирање на заеднички интереси.

*Во потесен контекст*, одбранбената дипломатија е дефинирана како обезбедување сили за исполнување на различните активности преземени од Министерството за одбрана за растурање на непријателство, градење и одржување доверба и помош во развојот на демократски одговорни вооружени сили, со што ќе се даде значаен придонес во превенцијата и решавањето на конфликтите.[27] Ова е дефиниција е претставена во јавноста во Стратегискиот одбранбен преглед на Велика Бтитанија од 1998 година.

*Во поширок контекст* одбранбената дипломатија може да се разбере како мировна употреба на вооружените сили и поврзаната инфраструктура (примарно гледано на министерство за одбрана) како алатка за надворешна и безбедносна политика или поточно за воена соработка и помош.[28]

Според овие дефиниции може да се заклучи дека улогата на одбранбената дипломатија е  управување со воените сили на државите од дипломатска гледна точка, во смисла на тоа дека одбранбената дипломатија мора точно да го предвиди моментот кога идејата за можноста за ангажирање воени сили може да се поттикне во дипломатски преговори, со цел постигнување стратешка цел или национален интерес на една држава.

---

[27] The Strategic Defence Review,  United Kingdom, Ministry of Defence, 1998, paragraph 3.
[28] Cottey A. and Foster A., *Reshaping Defence Diplomacy: New Roles for Military Cooperation and Assistance*, The International Institute for Strategic Studies, Oxford University Press, Oxford, 2004, pg 6.

## 2.2 Генеза на одбранбента  дипломатија

Потеклото на одбранбената дипломатија лежи во класичната воена дипломатија што постоела уште од античко време. Нејзината еволуција, до крајот на Студената војна, не била подложена на поголеми промени. Во 90-тите години, во зората на нова ера во меѓународните работи, постојаниот пораст на сложената меѓузависност на глобалната сцена, како и појавата на јавната дипломатија,  создале простор за нов концепт на одбранбената дипломатија. Во тој период концептот „одбранбена дипломатија" прв пат се здобил со важност по распадот на комунизмот во Источна Европа. Веднаш по завршувањето на Студената војна, народите од Источна Европа имале уникатен предизвик за своите западни колеги. Западните влади стравувале дека големите армии изградени во советски стил кои биле дел од поранешниот варшавски пакт ќе бидат големи пречки во деликатната транзиција кон демократија. Стравот се состоел не само од тоа дека армиите коишто не биле реформирани би можеле да го нарушат транзицискиот процес, туку дека тие би можеле да ги активираат поплаките кои биле потиснати од страна на советската доминација. Стравувањата дека Источна Европа ќе се втурне во хаос ги принудило западните влади да усвојат смела стратегија за да им помогнат во обновата на вооружените сили на поранешните земји од варшавскиот пакт.[29]

Преку ненасилни активности како што се размена на офицери и едукативни програми, западните влади ги мобилизираат своите одбранбени институции со цел да ги реформираат воените сили во Источна Европа. Програмите како што е Партнерство за мир од страна на НАТО се спроведувале за да се помогне во всадување демократски норми на граѓанско-воените односи и интегрирање на земјите од Источна Европа во постојните колективни безбедносни органи како што се Европската унија и НАТО. Овие напори ја истакнуваат еволуцијата на вооружените сили како алатка за зачленување над нејзиниот капацитет за насилство. Успехот на западните напори за реформа на воените сили во Источна Европа бил предвиден не од капацитетот на западните сили да ја наметнат својата волја, туку од нивната способност конструктивно да ги ангажираат своите источни браќа и да користат соработка за да се донесе заемно пожелен исход.

[29] https://www.iwm.at/publications/5-junior-visiting-fellows-conferences/the-velvet-gauntlet/ - пристапено на ден 29.05.2020 година.

Министерството за одбрана на Велика Британија, во обид да се даде објаснување за широкиот спектар на кооперативни програми и активности преземени од нејзината војска за време на транзицијата во 90-тите години, во Стратескиот одбранбен преглед од 1998 година, прави обид да ги интегрираат сите овие нови воени мисии во единствена концептуална рамка којашто ја нарекле одбранбена дипломатија.

## 2.3 Функции на одбранбената дипломатија

Дипломатските односи се кодифицирани со Виенската конвенција за дипломатски односи, со која се дефинираат општо прифатените функции на дипломатските претставници. Одбранбената дипломатија е дел од дипломатијата во целина, така што сите правила на меѓународните закони со кои се уредуваат дипломатските односи се однесуваат и на одбранбената дипломатија, вклучително и функциите. Дефинирање на функциите на одбранбената дипломатија и следење на современата дипломатска практика е постојан предизвик и за практичарите и за теоретичарите на меѓународното право и меѓународните односи.

Имајќи го предвид тоа, можеме да анализираме специфични функции на одбранбената дипломатија кои најчесто се сведени на следново:

- презентација на одбранбениот систем на земјата испраќач;
- заштита на интересите на одбранбениот систем на државата испраќач во рамките на дозволените ограничувања со меѓународното право;
- преговори со системот за одбрана и безбедност на земјата прималец;
- воспоставување на сите законски средства за услови и движења во одбрамбениот и безбедносниот систем на земјата прималец и известување за нив во одбранбениот систем на земјата испраќач;
- промовирање на градење доверба, пријателски односи и соработка помеѓу одбранбените и безбедносните системи на државите испраќачи и прием и развој на соработка во областа на одбраната и безбедноста.[30]

Одбранбената дипломатија треба преку функциите на застапеност, преговори, набљудување и информирање, а особено преку развој и подобрување на односите, да

[30] Blagojević V., *Funkcije odbrambene diplomatije u međunarodnom pravu*, Godišnjak Fakulteta bezbednosti, Fakultet bezbednosti, Beograd, 2015, str.5.

придонесе за реализација на националните интереси и развој на современ, одбранбен систем компатибилен со системите на партнерите и почитуван од европски и светски партнери. Како сигурен, кооперативен и предвидлив партнер, одбранбениот систем треба да гарантира безбедност на своите граѓани и економски просперитет, а тоа значи и безбедност на странски инвестиции, како услови за нивно зголемување.

Секоја држава може, во согласност со своите потреби и интереси, законски да ги регулира надлежностите на нејзините дипломатски и конзуларни претставништва, под услов тие да бидат во согласност со одредбите на Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година.

Државните интереси и стремежи се појдовна точка, исто така и за целите на одбранбената дипломатија, бидејќи одбранбената дипломатија е во функција на државата и нејзината надворешна политика. Истите произлегуваат од дефинираните постулати на одбранбената политика засновани врз највисоките државни акти и закони, стратегии на националните интереси или стратегиите за национална безбедност и се однесуваат на воспоставување или продолжување на дијалогот со државите за постигнување на заеднички интереси, како што се билатерални и мултилатерални прашања во областа на одбраната, промовирање на разбирање, трансфер на знаење и воспоставување доверба на принципот на реципроцитет.

Како основни заеднички цели на одбранбената дипломатија можеме да ги наброиме:

- Спречување на спорови и судири помеѓу државите
- Спречување на ескалација на спорови и судири во вооружени конфликти
- Лимитирање на интензитетот на насилството кое произлегува од конфликтите
- Спречување и совладување на хуманитарни кризи
- Иницирање на мерки кои водат до евентуално решавање на кризите и конфликтите.[31]

Одбранбената дипломатија преку широк спектар на активности што ги промовира и преку кои таа, всушност, се практикува има за цел да промовира доверба меѓу државите. Соработката и партнерските односи меѓу државите немаат суштина без „доверба“. Алијансите формирани меѓу суверените држави се резултат на одбранбената дипломатија,

[31] Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет, Скопје, стр.58.

која била во можност да создаде платформа врз која државите можат да развијат доверба за да соработуваат на политичко, воено и оперативно ниво преку воспоставување регулаторен механизам (договори, стратешки концепти, стратегии, регулативи и сл.) директиви, одредби, [32]наредби, документи поврзани со внатрешното управување, штабови, борбени единици, единици за поддршка и единици за логистичка поддршка.

## 2.4 Области и инструменти на одбранбената дипломатија

Областа на одбранбената дипломатија опфаќа широк опсег на активности и цели. Таа првенствено се фокусира на промовирање на националните безбедносни интереси, одржување на регионалната стабилност и поттикнување меѓународна соработка. Значењето на одбранбената дипломатија се проширува и на глобално ниво. Иако оваа активност имала во минатото исклучиво воена улога, сега таа е наменета пред сè за зајакнување на сопствените вооружени сили, нивната позиција во однос на другите вооружени сили и нивната позиција во светот. Таа е составен дел националните одбранбени политики на повеќето земји, насочена кон поддршка на нацијата, а не само на вооружените сили.

Одбранбената дипломатија треба да обезбеди информации и искуство за развој на одбранбениот систем, но и да го промовира и афирмира во Европа и во светот како систем кој во интерактивна врска во рамките на заедничкиот безбедносен систем создава и безбедносно опкружување.

Одбранбената дипломатија може да се примени во различни контексти, вклучувајќи билатерални односи, регионални сојузи и мултилатерални ангажмани. Како дел од инструментите на одбранбената дипломатија може да ги наведеме:

воената соработка

заедничките вежби

трансферот на одбранбена технологија

споделувањето разузнавачки информации

дипломатските преговори

мултилатералните ангажмани

[32]Sorin G., *Fields of classic diplomacy with which defence diplomacy interacts horizontally. preventive diplomacy, coercive diplomac*y, “Carol I” National Defence University, Bucharest, Romania, 2014, page 11.

*Воената соработка* е основен инструмент на одбранбената дипломатија. Таа вклучува размена на воен персонал, заеднички вежби за обука и споделување на најдобрите практики и експертиза. Преку воена соработка, земјите можат да ги подобрат своите одбранбени способности, да ја подобрат интероперабилноста и да ги зајакнат своите односи со партнерските земји.

*Заеднички вежби-* овие активности на одбранбената дипломатија ја зголемуваат транспарентноста и поттикнуваат градење доверба меѓу државите. Тоа го поттикнува нивното меѓусебно разбирање, ја зголемува интероперабилноста во областа на одбраната и безбедноста и ја промовира меѓународната воена соработка.

*Трансферот на одбранбена технологија* вклучува размена или продажба на одбранбена опрема, технологии и експертиза меѓу земјите. Овој инструмент на одбранбената дипломатија им овозможува на земјите да ги подобрат своите одбранбени способности, да ги промовираат сопствените одбранбени индустрии и да ги зајакнат одбранбените партнерства. Трансферот на одбранбена технологија може да вклучува продажба на воен хардвер, заеднички проекти за истражување и развој и договори за споделување технологија.

*Споделување разузнавачки информации-* се спроведува со цел борба против заедничките безбедносни предизвици на локално, регионално или глобално ниво. Соработката е специфична и не е целосно транспарентна во однос на некои други активности на одбранбената дипломатија и обично се дефинира со посебни договори за соработка. Наведените договори обично може да вклучуваат размена на доверливи информации, планирање и извршување на заеднички операции.

*Дипломатските преговори* се составен дел на одбранбената дипломатија, дозволувајќи им на земјите да се справат со безбедносните проблеми, да решаваат спорови и да склучуваат договори. Овие преговори може да се одржат на билатерално, регионално или мултилатерално ниво и да вклучуваат дискусии за контрола на оружјето, неширење, мировни операции и други прашања поврзани со безбедноста.

*Мултилатералните ангажмани,* како учество во меѓународни организации и сојузи, се важни инструменти на одбранбената дипломатија. Земјите можат да се вклучат во мултилатерални форуми како Обединетите нации, НАТО или регионалните безбедносни организации за промовирање на колективната безбедност, справување со

заедничките предизвици и поттикнување на соработката меѓу земјите-членки преку договори за соработка

Развојот на билатералните активности на различни нивоа, преку унапредување на соработката во различни прашања од областа на одбраната и безбедноста.[33]

## 2.5 Потребите од одбранбената дипломатија

Одбранбената дипломатија игра важна улога во обликувањето и спроведувањето на безбедносната политика во многу земји. Тоа е специјализиран инструмент на нивната надворешна политика и зазема постојано место во системот на соработка меѓу државите и меѓународните организации.[34] Одбранбената дипломатија е клучна за заштита на безбедносните интереси на една нација. Со ангажирање во одбранбена соработка, воени вежби и размена на разузнавачки информации, земјите можат да ги подобрат своите одбранбени способности и да ги одвратат потенцијалните закани.

Одбранбената дипломатија помага да се градат сојузи и партнерства, кои се од витално значење за спротивставување на безбедносните предизвици и одржување на силна одбранбена положба. Таа игра значајна улога во спречувањето на конфликти и решавањето на постоечките спорови. Преку дипломатски преговори и дијалог, земјите можат да ги решат безбедносните проблеми, да ги намалат тензиите и да најдат мирни решенија за конфликтите. Со промовирање на дијалог и разбирање, одбранбената дипломатија може да помогне да се спречат конфликтите да ескалираат во војни од целосен размер што придонесува за регионалната стабилност преку поттикнување на соработката и довербата меѓу соседните земји.

Преку воена соработка, заеднички вежби и мерки за градење доверба, земјите можат да изградат посилни односи и да ја намалат веројатноста за конфликти. Со ангажирање во одбранбена размена, заеднички вежби и дијалози меѓу војската и војската, земјите можат да изградат доверба и разбирање. Овие интеракции создаваат можности за соработка за различни прашања, вклучително и за одржување на мирот, хуманитарна помош и напори за помош при катастрофи. Регионалната стабилност е клучна за економскиот развој,

[33] Дамјановић Д., докторски рад, *Улога одбрамбене дипломатије у савременим међународним односима*, Факултет Безбедности, Универзитет у Београду, 2013, стр. 258.
[34] Drab L. *Defence diplomacy – an important tool for the implementation of foreign policy and security of the state*, Security and Defence Quarterly 2018, pg. 62. doi:10.5604/01.3001.0012.5152

трговијата и севкупниот просперитет на еден регион. Со соработка со други нации, споделување разузнавачки информации и спроведување на заеднички операции, земјите можат ефективно да се борат со овие закани. Одбранбената дипломатија овозможува здружување на ресурси, експертиза и способности за справување со заедничките безбедносни предизвици кои ги надминуваат националните граници. Истовремено, одбранбената дипломатија има за задача да ги штити интересите на своите армиски претставници, коишто учествуваат во разни мировни мисии надвор од сопствената матична земја, а под раководство на различни мировни коалиции.

Одбранбената дипломатија, исто така, може да ја подобри меката моќ и влијанието на една нација на меѓународната арена. Со проектирање на позитивна слика преку одбранбена соработка и учество во мировни мисии, земјите можат да изградат кредибилитет и добра волја. Ова може да доведе до зголемена дипломатска моќ и влијание во глобалните работи.

## 2.6 Одбранбената дипломатија водена од страна на светските сили

Точно дефинирана определба за тоа што претставува одбранбена дипломатија нема, туку таа варира од држава до држава заедно со нејзините инструменти. На државите со големи одбранбени капацитети и ефективни вооружени сили им е многу полесно да ги остварат своите цели во одбранбената дипломатија. Постоењето на завидни сопствени ресурси го зголемува спектарот на инструменти достапни за одбранбената дипломатија, без разлика дали е за време на мир, криза или конфликт. Спроведувањето на задачите на одбранбената дипломатија од страна на силите и државите високо на „кривата на моќта“ може да обезбеди модел што треба да го следат и другите.[35] Како такви модели се одбранбената дипломатија на Соединетите Американски Држави како глобален лидер со робусна мрежа на безбедносни партнерства и сојузи ширум светот, растечката одбранбената дипломатија на Индија во Југоисточна Азија, како и одбранбената дипломатија на Шпанија кои на одбранбената дипломатија гледаат еден од најважните инструменти на надворешната и безбедносната политика.

[35] Drab L. *Defence Diplomacy of Selected States – Searching for a Universal Model of Defence Diplomacy*, Polish Political Science Yearbook. 2023, pg 72.

### 2.6.1 САД

Американската одбранбена дипломатија е повеќеслоен пристап кој комбинира воена сила, дипломатски преговори и стратешки сојузи за заштита на националните безбедносни интереси. Тој опфаќа низа активности, вклучувајќи воена помош, заеднички вежби, споделување разузнавачки информации и дипломатски преговори, сите насочени кон промовирање на мирот, одвраќање на агресијата и одржување на стабилноста. Според мислењето на Вингер, одбранбената дипломатија е најважната воена алатка за управување со надворешните односи и државната безбедност.[36] Тој смета дека задачите што се извршуваат во нејзините рамки припаѓаат на сферата на меката моќ, а вооружените сили играат најважна улога во овој поглед во нивните мирољубиви функции. Тешко е да не се согласиме со оценката на Вингер дека вооружените сили се најважниот инструмент на американската одбранбена дипломатија. Како суперсила, САД не само што играат централна улога во обликувањето на безбедноста во сите региони во светот, туку се и водечка членка на различни регионални структури на широко дефинирана безбедност како што се НАТО, ОБСЕ, АНЗУС или ОАС (Организација на американските држави во Америка).

Соединетите Држави одржуваат формални, безбедносни и одбранбени сојузни односи и врски во Европа, преку НАТО, во Азиско-пацифичкиот регион во соработка со Јапонија и Јужна Кореја или Тајван, во регионот на Океанија во сојуз со Австралија и со одржување воени бази во различни региони во светот. Регионалните команди на вооружените сили на САД ги покриваат Европа и Африка, Блискиот Исток, Азија и Пацификот и Северна и Јужна Америка, одржувајќи билатерални и мултилатерални воени односи со земјите лоцирани во овие региони.[37]

Тековните задачи за американската одбранбена дипломатија се утврдени во Стратегијата на Соединетите држави за 2020 година за спречување конфликти и промовирање на стабилност. Тоа укажува дека еден од главните приоритети е „да се одржи лидерството на САД во глобалната безбедност и актуелниот меѓународен

---

[36] Winger, G., The Velvet Gauntlet*., A Theory of Defense Diplomacy. In: What Do Ideas Do?*, ed. A. Lisiak, N. Smolenski, Vienna: IWM Junior Visiting Fellows Conferences, 2014, pg 2.

[37] Willard, J. E., *Military Diplomacy: an Essential Tool of Foreign Policy at the Theatre Strategic Level*, United States Army Command and General Staff College, 2006, pg 44.

поредок“.[38] Зајакнувањето на глобалната мрежа на сојузници и партнери треба да се направи преку промовирање и заштита на заедничките интереси, проширување на партнерствата, спроведување обука и вежби и соработка во безбедносните и воените односи. Огромното мнозинство од овие задачи треба да се спроведат во рамките на одбранбената дипломатија, користејќи различни инструменти применливи за регионите на американскиот ангажман.

Тие гледаат голема улога во обезбедувањето на безбедноста во превентивните дејствија (превенција на конфликти), тесно поврзана со т.н. масовно уништување или помош во одбраната на моќта или нејзината постконфликтна реконструкција. Друг значаен аспект на американската одбранбена дипломатија е превенцијата и одбраната. Со одржување на силно воено присуство и обезбедување безбедносна помош за сојузниците, Соединетите Држави ги одвраќаат потенцијалните агресори и обезбедуваат одбрана на своите и интересите на своите партнери. Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) е одличен пример за успешна одбранбена дипломатија, каде што Соединетите Држави, заедно со своите сојузници, ги одвраќаа потенцијалните закани и го одржуваа мирот во Европа повеќе од седум децении.

Покрај посебната улога на вооружените сили како инструмент на американската одбранбена дипломатија, Стратегијата го нагласува и големото значење на разузнавањето, кое се третира како „прва линија на одбрана“. Преку размена на разузнавачки информации, воена соработка и заеднички операции, Соединетите Држави успеаја да ги попречат терористичките мрежи и да спречат напади. Успешната елиминација на Осама бин Ладен, мозокот за нападите од 11 септември, е доказ за ефикасноста на американската одбранбена дипломатија во спротивставувањето на тероризмот.

Дополнително, иницијативите како Глобалната коалиција за поразување на ИСИС ги собраа нациите ширум светот за да се борат против оваа екстремистичка група, покажувајќи ги заедничките напори на американската одбранбена дипломатија.

Американската политика нагласува дека меѓународните партнерства што се остваруваат преку одбранбената дипломатија се од суштинско значење за силата на САД. Одбранбените аташеа играат многу важна улога во спроведувањето на Националната воена стратегија на САД во областа на одбранбената дипломатија. Службата на

[38] United States Strategy to Prevent Conflict and Promote Stability of 2020, United States of America, 2020, pg 8.

одбранбените аташеа (Cragg et al., 1983) ја координира и надгледува Канцеларијата за одбранбено аташе (DAO) лоцирана во Одбранбената разузнавачка агенција (DIA). Регрутира, квалификува и обучува кандидати во соработка со избраните единици на Министерството за одбрана (ДО) и со командите на генералштабот на Армијата. Повеќе од 500 американски воени претставници ги извршуваат своите должности во 140 земји. Постојат 7 општи позиции во структурата на DAO: Москва, Анкара, Њу Делхи, Тел Авив, Пекинг, Каиро и Лондон.

Друга форма на американска одбранбена дипломатија се Канцелариите за одбранбена соработка (ОДЦ) кои работат во избрани партнерски земји. Тие се наоѓаат во амбасадите на САД. На пример, Канцеларијата за одбранбена соработка во Полска одговара на американскиот амбасадор во Варшава и на врховниот командант на американските сили во Европа. Главните задачи на Канцеларијата се да го поддржи спроведувањето на безбедносните задачи, меѓународната соработка во вооружувањето и управувањето со избраните програми за соработка меѓу вооружените сили на САД и Полска. Поддршката во безбедносниот сектор вклучува финансирање преку продажба на американска опрема и вооружување, нивно сервисирање и обука во странство и управување со програми и грантови во рамките на Меѓународната програма за воена обука.

Соединетите Американски Држави користат различни инструменти во одбранбената дипломатија за да ги постигнат своите надворешнополитички цели. Овие инструменти служат како клучни алатки за градење и одржување на односите со странските нации, промовирање на мирот и заштита на националната безбедност. Некои од главните инструменти што ги користат САД во одбранбената дипломатија се:[39]

*Воените размени и заедничките вежби* се суштински компоненти на одбранбената дипломатија. Овие активности вклучуваат размена на воен персонал, знаење и експертиза меѓу САД и партнерските земји. Преку овие размени, САД градат доверба, ја подобруваат интероперабилноста и ги зајакнуваат односите со странските војски. Како пример за такви вежби е мултинационалната вежба *Брз одговор 2023* која се одржа и на територијата на Република Северна Македонија, поточно на армискиот полигон „Криволак“ во која

[39] Drab L. *Defence diplomacy – an important tool for the implementation of foreign policy and security of the state*, Security and Defence Quarterly. 2018, pg 62 . doi:10.5604/01.3001.0012.5152.

учествуваа 8 земји, а на територијата на нашата држава беа присутни армиите  на четири НАТО земји и една партнерска земја ( Република Северна Македонија, САД, Албанија, Црна Гора и како земја партнер Косово).

*Трансферите на оружје и договорите за соработка во одбраната* играат значајна улога во одбранбената дипломатија. Соединетите Држави обезбедуваат воена опрема, технологија и обука на сојузничките и партнерските земји за да ги подобрат нивните одбранбени способности. Овие трансфери и договори не само што ги зајакнуваат одбранбените способности на партнерските земји, туку и  поттикнуваат поблиски врски и промовираат регионална стабилност. Забележителни примери вклучуваат обезбедување воена помош за Израел, Тајван и разни сојузници на НАТО.

*Споделувањето на разузнавачките информации* е критичен аспект на одбранбената дипломатија. Соединетите Американски Држави соработуваат со земјите партнери за размена на витални разузнавачки информации за споделени безбедносни закани, како што се тероризам, сајбер напади и недозволена трговија. Оваа соработка помага во идентификување и спротивставување на потенцијалните закани, зајакнување на колективната безбедност и на САД и на нивните партнери. Договорите за споделување разузнавачки информации, како што е сојузот Пет очи, составен од пет земји од англиско говорно подрачје (САД, ОК, Канада, Австралија и Нов Зеланд), воспостави ера на надзор и споделување информации што продолжува да го обликува светскиот пристап кон националната безбедност.[40]

*Мултинационални воени партнерства*- Соединетите Држави се ангажираат во мултинационални воени партнерства за справување со заедничките безбедносни предизвици и промовирање на регионалната стабилност. Овие партнерства, како што се НАТО, Комбинираните поморски сили и коалицијата предводена од САД против ИСИС, вклучуваат соработка со повеќе земји за да се постигнат заедничките безбедносни цели. Преку овие партнерства, САД користат колективни воени способности, ресурси и експертиза за да се спротивстават на заканите и да ја одржат глобалната безбедност.

*Програма за меѓународно воено образование и обука (IMET)*, администрирана од Министерството за одбрана на САД, обезбедува професионално воено образование и обука на странски воени офицери. Оваа програма има за цел да изгради односи, да

[40] https://www.forbes.com/advisor/business/what-is-five-eyes/ - пристапено  на ден 10.01.2024 година.

промовира демократски вредности и да го зајакне професионализмот на војските од нациите партнери. Со инвестирање во образованието и обуката на странски воен персонал, САД ги зајакнуваат одбранбените врски и поттикнуваат долгорочни партнерства. Во таква сложена структура, задачите што се извршуваат во рамките на американската одбранбена дипломатија се дисперзирани меѓу различни дивизии одговорни за одредени области на дејствување, со јасна поделба на надлежностите.

Инструментите што се користат во рамките на одбранбената дипломатија од страна на САД се приспособени на спецификите на регионите. Таа смета дека многу актери влијаат врз постигнувањето на нејзините цели, покрај стандардните инструменти на одбранбената дипломатија, т.е. стратешките дијалози, образованието и воените вежби, кои ги спроведуваат повеќето држави.

### 2.6.2 Земја од Централна Азија – Индија

Одбранбената дипломатија на Индија игра клучна улога во обликувањето на нејзината надворешна политика и заштитата на нејзините национални безбедносни интереси. Како растечка глобална сила, Индија активно се ангажира во одбранбена соработка, воени вежби и дипломатски преговори за промовирање на мирот, одвраќање на агресијата и зајакнување на своите стратешки партнерства. Во Индија, не постои еден политички документ кој ја опишува стратегијата на одбранбената дипломатија. Покрај тоа, на истражувачите кои се обидуваат да добијат информации преку јавно достапни методи често им се кажува дека информацијата што се бара може да влијае на односите на Индија со странските земји, и затоа се смета дека е несоодветно да се открие.[41]

Една од клучните цели на индиската одбранбена дипломатија е промовирање на регионалната безбедност и стабилност. Индија активно се ангажира во одбранбената соработка со нејзините соседни земји и учествува во заеднички воени вежби за да изгради доверба, да ја подобри интероперабилноста и да ги одврати потенцијалните закани.
Клучните достигнувања на оваа одбранбена дипломатија може да се категоризираат во односи со различни сили и истите да се поделат во три групи. Првата група се односите со соседните земји и државите во регионот на Индискиот Океан, втората група се односите

[41] Vignesh R., *India's Defence Diplomacy with Southeast Asia: An Impetus to Act East*, Journal of Defence Studies, Vol. 12, No. 3, 2018, pg 59.

со големите сили и со новите сили, третата група се односите воспоставени како резултат од напорите направени во обуката и градењето капацитети и четвртата група се заеднички вежби со други земји или мултилатерални форуми.[42] Овие вежби не само што ги зајакнуваат одбранбените способности на Индија, туку придонесуваат и за регионалната стабилност и одвраќање.

Одбранбената дипломатија на Индија се фокусира и на напорите за борба против тероризмот и соработката за поморската безбедност. Како жртва на тероризмот, Индија активно соработува со другите нации за борба против оваа глобална закана. Споделува разузнавачки информации, спроведува заеднички операции и учествува во мултилатерални иницијативи како Поморскиот симпозиум на Индискиот Океан (IONS) за подобрување на поморската безбедност. На пример, Индија е активно вклучена во операции против пиратеријата во Аденскиот Залив, придонесувајќи за безбедноста на меѓународните бродски патеки и промовирајќи ја регионалната стабилност.

Друг аспект на индиската одбранбена дипломатија е промоција на трансфери на одбранбена технологија и  оргинални самостојни производствени способности. Индија се обидува да ги подобри своите одбранбени способности преку соработка со други нации, стекнување напредни технологии и развивање на сопствените одбранбени индустрии. На пример, во јуни 2017 година, групата Тата и американскиот воздушен гигант Локхид Мартин потпишаа договор за производство, работа и извоз на борбено докажаните ловци Ф-16 во Индија. [43] Ова не само што ги зајакнува одбранбените способности на Индија, туку и промовира технолошка самодоверба и ја зајакнува домашната одбранбена индустрија.

### 2.6.3 Европска држава – Шпанија

Националната безбедносна стратегија на Шпанија укажува на потребата од зајакнување на односите со безбедносните и одбранбените организации, особено со НАТО и ЕУ. Според мислењето на Шпанија, една држава не може да се спротивстави на

[42] Vignesh R., *India's Defence Diplomacy with Southeast Asia: An Impetus to Act East*, Journal of Defence Studies, Vol. 12, No. 3, 2018, pg  65.

[43] https://www.deccanchronicle.com/business/companies/200617/tata-lockheed-martin-announce-deal-to-make-f-16-fighter-jets-in-india.html - пристапено на ден  20.01.2024.

заканите, така што приоритет е да се поддржат мултилатералните напори за обезбедување безбедност.

Директивата за национална одбрана укажува на улогата и важноста на одбранбената дипломатија во обликувањето на националната безбедност.[44] Тоа укажува дека при развивањето на претпоставките за надворешната и безбедносната политика, мора да се земе предвид улогата на одбранбената дипломатија. Одбранбената дипломатија и билатералните договори и договори во сила играат значајна улога во воспоставувањето на оваа клима на доверба, солидарност и соработка.

Во рамките на рамката на шпанската одбранбена политика, шпанското Министерство за одбрана разви Програма за одбранбена дипломатија, која ги утврдува принципите, целите и приоритетите што треба да се следат во одбранбената дипломатија. Министерството за одбрана на Шпанија ја дефинира одбранбената дипломатија како „разновидна меѓународна активност базирана главно на дијалог и соработка, спроведена билатерално од Министерството за одбрана со сојузниците, партнерите и другите пријателски земји со цел да се помогне во постигнувањето на целите на одбранбената политика и шпанскиот надворешна политика“.[45]

Задачите што треба да се извршат во рамките на одбранбената дипломатија, а се наведени во Одбранбениот дипломатски план вклучуваат:

- водење постојани дијалози со земјите кои играат важна улога во надворешната и безбедносната политика на Шпанија,
- материјална и институционална поддршка на земјите од шпански интерес со цел да се одржи или обезбеди безбедноста во регионот,
- промовирање и поддршка на напорите направени од други земји (особено оние со историски или културни врски со Шпанија) во областа на одбраната,
- обезбедување на соодветна законска рамка која промовира и го регулира развојот на одбранбената соработка,
- поддршка и промовирање на шпанската одбранбена индустрија.

Следењето на националните интереси во различни региони во светот го принуди шпанското Министерство за одбрана да ги распредели инструментите на одбранбената

[44] https://www.defensa.gob.es/Galerias/defensadocs/ddn-ingles-2020.pdf - пристапено на ден 21.01.2024 година
[45] Defence Diplomacy Plan, Ministerio de Defensa, Madrid, 2012..

дипломатија со кои располага, а кои се посочени од географски, историски, културни, економски и други причини. Според шпанското министерство за одбрана, најважните инструменти на одбранбената дипломатија се:

- договори за соработка – клучен инструмент на одбранбената дипломатија,
- присуство на претставници на Министерството за одбрана во пријателски земји,
- посети:
    - посети на највисоко ниво,
    - посети со воени бродови и авиони,
    - посети на копнени воени единици,
- реформа на безбедносниот сектор,
- градење на одбранбените капацитети,
- образование и обука,
- учество во воени вежби,
- билатерални средби и,
- техничка соработка и одбранбени индустрии.[46]

Шпанија смета дека одбранбената способност ја опфаќа странската служба (дипломатијата) која работи за безбедноста, вооружените сили и одбранбената индустрија. Како компонента на одбранбената дипломатија која работи за безбедноста на државата, странската воена служба ги извршува задачите во рамките на Програмата за одбранбена дипломатија. Еден од неговите важни елементи е активноста на 39 одбранбени аташеа во дипломатските претставништва на Кралството Шпанија низ светот и постојаните претставништва во меѓународните организации. Според нив, шпанското Министерство за одбрана, одбранбените аташеа и офицерите во постојаните претставништва играат водечка улога во развојот и координирањето на меѓународната воена соработка.

Генералниот секретаријат за одбранбена политика, со чин државен секретар (Secretaría General de Política de Defensa), е одговорен за планирање, развој и спроведување на одбранбената политика во рамките на шпанското Министерство за одбрана. Тој е одговорен и за односите со други владини институции, билатералните и мултилатералните односи со други држави и меѓународните безбедносни и одбранбени организации. Генералниот секретар е подреден на војската, дипломатските претставништва во

[46] https://www.defensa.gob.es/Galerias/defensadocs/ddn-ingles-2020.pdf - пристапено на ден 21.01.2024 година.

странство и советниците за одбрана во постојаните претставништва во меѓународните организации.

Шпанското Министерство за одбрана ги дефинира задачите, целите и приоритетите што треба да се следат во одбранбената дипломатија во Програмата за одбранбена дипломатија.[47] Овој документ дава и насоки за активностите во оваа област за шпанските вооружени сили. Тој, исто така, предлага, како во ниту една друга земја анализирана, расчленување на инструментите што треба да се имплементираат во рамките на одбранбената дипломатија, што може да се примени во соработка со земјите кои се дел од организациите (НАТО, ЕУ) и со земји историски или културолошки поврзани со Шпанија.

[47]https://www.defensa.gob.es/Galerias/defensadocs/ddn-ingles-2020.pdf - пристапено на ден 21.01.2024 година.

# 3. Воена дипломатија

## 3.1 Дефинирање на поимот воена дипломатија

Историјата на воената дипломатија може да се проследи station наназад до античките цивилизации, каде што воените водачи и команданти биле ангажирани во дипломатски активности за преговарање мировни договори, воспоставување сојузи и решавање на конфликти.

Во античко време, воените водачи често играле двојна улога и како воени команданти и како дипломати. Тие се вклучувале во дипломатски активности за да преговараат за договори, да воспостават трговски договори и да формираат сојузи. Првите дипломатски контакти (ако воопшто така можат да се наречат) на две воени претставништва се реализирале по вооружените судири на завојуваните страни, кога најчесто се преговарало за условите за капитулација на една од нив. Тие контакти исклучиво ги остварувале врховните команданти на завојуваните страни, со своите најблиски соработници.[48]

За време на средновековниот период, воените лидери, како што биле витезите и феудалците, се ангажирале во дипломатски мисии за да преговараат за закани, да разменуваат воени заробеници и да решаваат територијални спорови. Додека во ренесансата и раниот модерен период се појавуваат професионални воени сили и се случува развој на модерната дипломатија.

За време на колонијалната ера, воената дипломатија одигра клучна улога во воспоставувањето и одржувањето на колонијалните империи. Европските сили користеле воена сила за освојување и контрола на територии, а воените лидери често биле вклучени во дипломатски преговори со локалните владетели и домородното население.

Двете светски војни и последователниот период на Студената војна резултираа со зголемена употреба на воената дипломатија. Воените сојузи, како што се НАТО и Варшавскиот пакт, беа формирани за да се спротивстават на согледаните закани и да се одржи рамнотежа на силите. Воените лидери се вклучија во дипломатски преговори за да спречат конфликти, да ги решат споровите и да управуваат со кризи.

[48] Ogorec M., *Vojno-diplomatska praksa*, Golden Marketing - Tehnicka kwiga, Zagreb, 2005, str.15.

Во модерната ера, воената дипломатија еволуираше за да одговори на новите предизвици и можности. Воените лидери се вклучуваат во дипломатски активности за промовирање на регионалната стабилност, спротивставување на транснационалните закани и поттикнување меѓународна соработка. Воените размени, заедничките вежби и дијалозите меѓу војската се користат за градење односи, подобрување на интероперабилноста и решавање на заедничките безбедносни предизвици.

Коегзистенција на два контрадикторни збора се чини дека е една од главните причини за различно толкување меѓу авторите, но и фактот дека и самиот поим „воена дипломатија" е оксиморон. „Војската" секогаш се обучува и опремува за да биде секогаш спремна за да го победи непријателот. Од друга страна, дипломатијата вклучува употреба на преговори и дијалог за постигнување на националните цели. По самото тоа може да кажеме дека воената дипломатија, нејзината организација и функција е доста сложена проблематика. Нејзината првенствена цел е да се дејствува за време на војна, но таа има и определена функција и во состојба на мир.

Нејзиното дејствување е определено од сферата на државната политика, а се базира врз респектирањето произлезено од силата на воената организација, додека пак, улогата на воениот фактор во државниот систем и во политиката на владејачкиот државен апарат е во суштина релевантен, затоа што врз тој фактор се темели државниот систем, додека пак, државниот апарат се користи за реализирање на своите цели и на надворешен и на внатрешен план. Па така, врз основа на ова, слободно може да се определи дека воената дипломатија е насочена во два правци.

Првиот правец тргнува од неопходноста за активен и континуиран развој, како и соработка помеѓу армиите на државите, односно преку размена на искуства, технолошки и научни достигнувања, и преку образовање на кадри, опремување на вооружените сили, изведување на заеднички вежби итн.

Вториот правец се однесува на пронаоѓање и собирање на конспиративни податоци за вооружените сили на земјата домаќин. Авторот Јовановски вели, „Оваа активност е најчесто под активностите на разузнавачката дејност и може да биде легална и нелегална. Се што не е дозволено со меѓународното право и со внатрешните закони за државата домаќин е тајна дејност".[49]

---

[49] Јовановски, З., *Воена дипломатија*, Напредок, Тетово, 2018, стр 48.

Исто така по примерот на општата дипломатија се разграничуваат и повеќе видови на воена дипломатија и тоа:

- Воена дипломатија на врвот;
- Редовна воена дипломатија;
- Воено-дипломатски претставништва;
- Воено-економски претставништва, и
- Воени мисии и комисии.

Воената дипломатија на врвот се смета и разбира како највисока воена институција на воената дипломатија. Воената дипломатија на врвот е конгломерат од членови на највисокото воено раководство на државата, поточно од министерот за одбрана и неговите најблиски соработници, како и други високи воени функционери.[50]

## 3.2 Функции и задачи на воената дипломатија

Функциите и техниките на воената дипломатија се преклопуваат со функциите и техниките на дипломатијата, но се занимаваат со потесна област на активност – активности поврзани со воениот и одбранбениот сектор. Воената дипломатија, како таква, извршува неколку основни функции, кои вклучуваат следново:

- претставување на вооружените сили;
- заштита на нејзините интереси
- заштита на интересите на припадниците на вооружените сили; и
- заштита на припадниците на државите.[51]

Додека според авторот Пајтинка функциите на воената дипломатија добиват поширок опис, разделувајќи ја воената дипломатија на пет основни функции:

- собирање и анализа на информации за странските војски;
- унапредување на соработката,
- комуникацијата и односите меѓу војските;
- организирање посети меѓу одбранбените власти и мирна соработка на воените единици меѓу државите;

[50] Гоцески Т., *Основи на системот на националната одбрана*, Куманово, 1998, стр.430.
[51] Митревска М., *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет Скопје, стр.56

- претставување на државата и нејзините вооружени сили на официјални церемонии и настани во земјата домаќин.[52]

А на веќе наведените функции хрватскиот автор Маринко Огорец на горенаведените функции на воената дипломатија ги додава и следните три:

- Заштита на интересите на државата и вооружените сили на земјата испраќач во земјата примач
- Советување на амбасадорот за сите прашања од воен карактер
- Подобрување на билатералната воена соработка на сите нивоа - точка која, всушност, ги обединува сите досега спомената функции и техники .[53]

Всушност, функцијата на воената дипломатија произлегува од основната цел на воената дипломатија. Основната цел на воената дипломатија е да ги врши најсензитивните задачи од областа на дипломатијата, разузнавањето и контраразузнавањето, кои се од витално значење за вооружените сили.

Додека за задачите на воената дипломатија може да кажеме дека можат условно да се поделат на задачи од протоколарна природа, задачи од стручно-функционална природа кои стојат пред воено-дипломатската клиентела и одредбите на Виенската Конвенција, и задачи од тајна (разузнавачка) природа, кои пред воендипломатските преставништва ги поставува разузнавачката служба и нејзините институции.[54] На поедноставен начин оваа поделба ја има претставено авторот Бакрески кој ги дели на задачи од легална (јавна) и задачи од илегална (тајна) природа.[55]

Можеме да заклучиме дека задачите на воената дипломатија се разновидни и по степен на сложеност. Започнуваат со задачи за остварување на протоколрните потреби и должности кои произлегуваат од Виенската конвекција и правната легислатива на државата која акредитира и државата во која се акредитира, до остварувањето на преговори со земјата домаќин и остварувањето на пријателски односи со истата за да завршат со деликатни задачи од илегалната разузнавачка дејност.

---

[52] Pajtinka E., *Military Diplomacy and Its Present Functions*, Security Dimensions. International and National Studies. 2016, pg 180.
[53] Ogorec, M., *Hrvatska vojna diplomacija u sustavu kolektivne sigurnosti*. Institut društvenih znanosti Ivo Pilar, 2009, str. 185- 205.
[54] Петревски Т., *Улогата на воената дипломатија во зачленувањето на Република Македонија во НАТО*, Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, бр.21, 2012, стр.44.
[55] Бакрески О., *Воена дипломатија*, Универзитетско помагало, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр 9.

## 3.3 Видови на воената дипломатија

Сите форми на дипломатските односи се многу сложени и деликатни, во тоа не се исклучок ни воено-дипломатските односи. Поради сложеноста, обемот на работа и потребните компетенции, постојат различни видови на воена дипломатија:

- воената дипломатија на врвот
- воено-дипломатски претставништа
- воено-економски претставништва
- воени мисии и
- воени комисии.[56]

### 3.3.1 Воена дипломатија на врвот

Воената дипломатија на врвот, како што може да сугерира името, претставува највисок облик на воена дипломатија, бидејќи вклучува учество на највисоките функционери на државната воена институција. Со други зборови, тоа се воено-дипломатски активности меѓу службениците на министерствата за одбрана и главните штабови. Највисоки функционери на овие институции се министрите за одбрана, кои имаат најголемо значење затоа што можат да ги подобрат и зајакнат, па дури и да ги нарушат воено-дипломатските односи со другите земји, началниците на Генералштабот и командантите на видовите на вооружените сили (копнена армија, воздухопловни сили, морнарица).

Соработката на воен план е задачата на овие делегации каде што на ниво на министри за одбрана се разгледуваат сите клучни прашања за вооружените сили на две или повеќе земји, ккао и долгорочна, среднорочна и краткорочна соработка. Интересот на секоја земја е вооружувањето, борбените средства и воената техника, првенствено на новите генерации кои поради сложениот процес на производство,тајноста на освојување на производи, големите трошоци, недостаток на кадри, тоа може да си го дозволат само големите земји.[57]

Овде, неопходно е да се спомене важноста на Виенската конвенција за дипломатски односи (која веќе беше спомната претходно во трудот), бидејќи според оваа Конвенција,

[56] Зечевич М., *Војн дипломатија*, Војно издавачкии новински центар, Београд, 1990, стр 63.
[57] Бакрески О., Воена дипломатија, Универзитетско помагало, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр .31.

офицерите на воената дипломатија на врвот имаат целосна дипломатска и правна заштита и во земјата на прием (земјата што ја посетуваат) и во други земји низ кои службениците мора да патуваат за да стигнат до нивната дестинација. Со други зборови, за време на посетата функционерите уживаат посебен статус.

### 3.3.2 Воено-дипломатските претставништа

Воено-дипломатските претставништва се постојани дипломатски тела акредитирани во земја преку која се одвива најголемиот дел од воено-дипломатската комуникација,[58] односно тие се производ на еволуцијата за потребите на вооружените сили и воениот фактор во меѓународните односи и потребта вооружените сили да бидат авторитативно претставени и застапени на меѓународната сцена.[59] И како такви Воено-дипломатските претставништва (ВДП) се главните овластени дипломатски тела на земјите и се одговорни за меѓудржавните воено-дипломатски односи и комуникација.

Виенската конвенција во дипломатските односи јасно ги одредува функциите и задачите на дипломатските претставници и истите во целост би можеле да се пренесат и на воено-дипломатските претставништва. Како основна задача се јавува претставувањето на сопственото Министерство за одбрана и воените сили во земјата на прием, да ги штитат интересите на сопствената земја и воените сили во земјата на прием, исто така, суштинската улога на претставништва се состои во собирање и анализа на податоци за воените сили на земјата на прием и на крајот, нивната задача е да склучат воена билатерална соработка со други земји.

Активностите на ВДП се различниа за разни земји и дипломатии, како по обемот и содржината, така и по методологијата. Односот помеѓу државите може да се манифестира во три дијаметрални различни процеси: соработка, конфликт и индиферентност. Доколку тие односи се билатерални и пријателски, содржината на работата на воената дипломатија е комплетирана со нив. Ако се вклопени во мултилатерални односи помеѓу повеќе држави, содржината на работата на ВДП ќе биде вметната во мултиналатералните односи на тие држави, притоа покрај националното ќе добијат и наднационално обележје. Ако

[58] Ogorec, M.,*Vojno-diplomatska praksa*. Zagreb: Golden marketing – Tehnička knjiga, 2005.
[59] Бакрески О., Барџиева Миовска Л., *Дипломатијата и безбедноста*, Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр 317.

дипломатските односи се неразвиени или се во фаза на заострена состојба, тогаш воено дипломатските односи можно е да бидат сведени на егзистиционален минимум или се прекинати. Меѓутоа, активноста на воената дипломатија спрема тие земји максимално ќе е интезивирана за собирање на тајни податоци за политичките случувања во тие земји, за нивнити вооружени сили и тоа првенствено на изведувачки план заради превентивни, одбранбени или агрсивни планови и задачи.[60]

### 3.3.3 Воено-економски претставништва

Воено-економските претставништва го сочинуваат институциите на вооружените сили и Министерството за одбрана. Станува збор за институции кои се занимаваат со секаков вид на бизнис од воен карактер, како воена трговија или сервисирање на воена опрема. Овие претставништва се важен фактор во воено-техничката соработка, бидејќи ги пласираат производите од воената индустрија и се грижат за нивно одржување и сервисирање.

Организациската структура и прападност на ВЕП е доста различна во дипломатската организација. Пристапувањето на вооружените сили спрема тој проблем тргнува од различно изградени ставови на државите. При формирањето на ВЕП кај државите доминираат две сфаќања, односно првото е дека ВЕП е во состав на воено-дипломатските претставништва и дека тие работи се единствени и заеднички, а второто сфаќање е дека ВЕП е самостојна организациска институција, надвор од ВДП, но во рамките на амбасадата, односно трговските претставништва на амбасадите.[61]

Деликатноста на воената трговија и воено економските односи се гледа по показателите и паричните износи кои ги прикажуваат тие односи, а желбата за оформување на претставништва од овој тип е карактеристична за високоиндустриските земји. Станува збор за земји кои произведуваат и извезуваат значително количество воена опрема и оружје. Некои примери се Соединетите Американски Држави, Кина и Русија.

[60] Бакрески О., *Воена дипломатија*, Универзитетско помагало, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр .31.
[61] Исто., стр 40

### 3.3.4 Воени мисии

Воените мисии се формираат доколку има потреба од нив. Нивната улога е да решаваат јасни задачи. Во денешно време концептот на воени мисии најмногу се поврзува со воените мисии под покровителство на меѓународни организации. Воените набљудувачи на ОН, кои следат дали се почитуваат одредбите од мировните договори меѓу завојуваните страни е пример за воена мисија. Воени набљудувачи се оние офицери кои немаат интереси или фаворити во конфликтните страни. Тие не смеат да бидат пристрасни и мора да бидат граѓани на оние земји кои на било кој начин не се вклучени во конкретен конфликт.

Виенската конвенција им овозможува дипломатски имунитет и правна заштита, но поради природата на мисијата не секогаш може да се оствари дипломатски имунитет бидејќи е ризично и сложено да се повикува на Виенската конвенција во земја каде што се случува конфликт и чијшто државен апарат не се грижи за правилата, етичките норми и секоја конвенција за човекови права. Затоа, често се случува воените набљудувачи да се најдат во опасни по живот ситуации. [62]

### 3.3.5 Воени комисии

Воените комисии се составени за решавање на некои специфични прашања од областа на воената дипломатија, а составени се од експерти од воените области. Можат да бидат постојани или повремени тела и да работат во време на мир и во време на војна.

На комисиите многу често им се дава задача за решавање на спорни прашања меѓу државите, односно тие не можат да решаваат спорови, но даваат можности за нивно разрешување.

## 3.4 Воено аташе

Денес, кога секоја земја има свои вооружени сили, довербата е најважна и неопходно е да се создадат добри пријателски односи и со соседните земји и со другите земји, а тука се најважни преговорите и добра комуникација.

---

[62] Ogorec, M.,*Vojno-diplomatska praksa*. Zagreb: Golden marketing – Tehnička knjiga, 2005.

Воениот аташе е претставник на вооружените сили на државата што именува, а нивната основна функција е врската со вооружените сили на државата на прием,соработка во областа на одбраната и вооружените сили што обично се одвива во рамките на степенот на развиеност на политичките односи помеѓу двете држави.[63]

Тој ги застапува интересите на својата земја, а за да се смета за професионалец мора да биде широко образован, љубезен, чесен, остроумен, способен, комуникативен, тој мора да биде добар говорник кој носи јасна, значајна порака и, конечно, мора течно да зборува барем два странски јазици и знае неколку други и да биде добар ученик во смисла дека ги проучува културните, етничките и другите карактеристики на државата на прием и стекнатото знаење го користи во интеракција со воени претставници и други функционери на државата на прием. Сето тоа се квалитети на добар дипломат, без разлика дали е воено аташе или генерален дипломат.[64] Военото аташе од самиот почеток беше нешто како хибрид меѓународни односи. Тој е комбинацција од дел дипломат, дел војник, дел набљудувач.

Воените аташеа учествуваат во сите активности организирани од страна на дипломатската мисија, но и тие организираат приеми за претставници на вооружените сили, странски воени аташеа.

Основните функции на воените аташеа ја вклучуваат функцијата на собирање информации, информирање, функцијата на унапредување на пријателските односи и соработката меѓу државите во областа на војската и безбедносните служби, но и функцијата на безбедноста на самата дипломатска мисија. Активностите на военото аташе се манифестираат секојдневно, почнувајќи од контакт со официјални претставници на вооружените сили на земјата домаќин, на официјални состаноци, присуство на приеми, церемонии, разни прослави, паради и други пригоди организирани од домаќинот за воено-дипломатскиот кор.[65]

Воените аташеа можат да играат улога во водење на преговори со земјата-примател насочени кон купување или продажба на воена опрема, како и да склучуваат договор за соработка во спроведувањето на обуката на воените единици. Тогаш нивното знаење како

---

[63] Запрова Т., *Дипломатска организација, дејност и професија* - Универзитет “Гоце Делчев”, Штип, 2014, стр.74.
[64] Исто стр.35.
[65] Зечевич М., *Војн дипломатија*, Војно издавачкии новински центар, Београд, 1990, стр 73.

активни офицери е вредно и може да и помогне на мисијата испратена од државата да преговара за споменатите теми.

## 3.5 Воената дипломатија како алатка за стекнување на политичка и воена моќ

Можеме да кажеме дека воената дипломатија  е доста значајна и од голема важност во стекнувањето на националната моќ на една земја. Добар пример за тоа е Народна Република Кина, која стана светска суперсила после турбулентен, воен период. Како една од најголемите светски сили, воената дипломатија која ја води Кина  вклучува широк опсег на активности и игра клучна улога во обликувањето на меѓународните односи на земјата. Кина активно ги проширува своите воени капацитети и ги користи за да ги унапреди своите стратешки интереси на глобалната сцена.

Растечките интереси на Кина за меѓународните односи бараат изградба на поволно безбедносно опкружување за проширување на странските инвестиции и обезбедување на безбедноста на нејзините граѓани и средства ширум светот. Со ангажирање во меѓународни мировни активности, заеднички воени вежби и испорака на помош, Кина има за цел да обезбеди регионална стабилност против тероризмот и вооружените конфликти, да развие меѓусебна доверба со партнерите и да воспостави позитивна меѓународна репутација. На пример, Народноослободителната армија на Кина редовно го испраќа својот болнички брод на - Peace Ark до земјите во развој, како што се островските држави на Тихиот Океан, помагајќи му на Пекинг да изгради поблиски дипломатски односи со локалните власти за да ја демонстрира својата посветеност на одржувањето на глобалниот мир и безбедност и ја покажува својата растечка воена моќ пред меѓународната заедница.

Долготрајната загриженост на Кина за територијалниот суверенитет, како што е прашањето за Тајван и споровите во Јужното Кинеско Море преку состаноците на високо ниво, стратешките дијалози и функционалните размени често служат како платформи за пренесување дипломатски пораки. На пример, во соопштенијата за печатот по состаноците на високо ниво, некои странски претставници од одбраната издаваат изјави со кои се потврдува нивната поддршка за „Принципот на една Кина“, кој Пекинг го зема како форма на меѓународна солидарност за своите претензии за суверенитет над Тајван. . Дополнително, демонстрацијата на напредно оружје за време на посети на високо ниво,

заеднички вежби се сметаат за дел од пристапот на Народноослободителната армија на Кина за стратешко одвраќање против потенцијалните предизвикувачи.[66]

Покрај тоа, кинеската воена дипломатија е тесно испреплетена со нејзините пошироки надворешнополитички цели, особено со Иницијативата „ Belt and Road Initiative (BRI). Ова е голем проект за развој на инфраструктурата чија цел е да ја поврзе Азија со Африка и Европа преку копнени и поморски мрежи со цел да ја подобри регионалната интеграција, притоа да ја зголеми трговијата и да го стимулира економскиот раст, но исто така доведе до воспоставување на кинески воени бази на стратешки локации како што е Џибути. Овие бази служат за заштита на кинеските економски инвестиции и обезбедување на нејзините поморски патишта, нагласувајќи ја меѓусебната поврзаност на воената моќ и економските интереси во дипломатската стратегија на Кина.

Воената дипломатија којашто ја води Кина може да се каже дека проектира моќ и влијание, сепак од друга страна се отвора простор за потенцијално дестабилизирање на регионалната безбедносна динамика поради наметливите акции на Кина во Јужното Кинеско Море, како акцијата со потегот за изградбата на вештачки острови и милитаризацијата на спорните територии во регионот поради што ги ескалираа тензиите и поттикнаа зголемено воено присуство од други нации, а воедно предизвикаа загриженост кај нејзините соседи и големите сили.

Преку вклучување во низа воени активности и искористување на нејзините растечки воени способности, Кина преку својата воена дипломатија се обидува да го зајакне своето глобално влијание, да ги заштити своите стратешки интереси и да ги унапреди своите надворешнополитички цели притоа да игра клучна улога во обликувањето на меѓународните односи и безбедносната динамика. Комплексноста и импликациите на кинеската воена дипломатија ја истакнуваат сложената интеракција помеѓу воената моќ, економските интереси и дипломатските стратегии во современиот меѓународен пејзаж. А како држава која се повеќе вложува во сопствената воена дипломатија, Кина станува значаен глобален конкурент на САД. Затоа и двете земји редовно излегуваат со нови

[66] Jie G., Kenneth W. A., *Re-Engaging With the World: China's Military Diplomacy in 2023*- US Naval War College, Rhode Island, 2024 pg.3

воени програми, стратешки планови и иницијативи, а нивните вооружени сили се сè поприсутни во странство. [67]

## 3.6 Воената дипломатија наспроти одбранбената дипломатија

Воената дипломатија и одбранбената дипломатија играат клучна улога во меѓународните односи и националната безбедност, често во литературата се користат како синоними, но сепак според авторот Мијарес тие не се. Тој смета дека воената дипломатија е потесна по обем од одбранбената дипломатија која има поголем административен и стратешки опсег.[68]

Дефиницијата на поранешниот министер за надворешни работи на Сојузна Република Германија вели дека воената дипломатија „се однесува на елементи од воените мисии, како и на учеството на воени претставници во преговори за разоружување и контрола на вооружувањето“. Гледано во тој контекст, воената дипломатија може да се разбере како сет на задачи кои се однесуваат на воените претставници, воените аташеи или други воени претставници во мировни операции и мисии.[69]

Една од клучните карактеристики на воената дипломатија е нејзиниот акцент на интеракциите меѓу војските. Ова вклучува активности како што се заеднички воени вежби, програми за обука и размена на посети меѓу воениот персонал. Овие интеракции им овозможуваат на нациите да го подобрат разбирањето на меѓусебните воени способности, да градат доверба и да воспостават канали за комуникација.

Воената дипломатија, исто така, игра клучна улога во управувањето со кризи и решавање на конфликти. За време на тензии или конфликти, воените дипломати можат да дејствуваат како посредници, олеснувајќи го дијалогот и преговорите меѓу конфликтните страни. Нивната експертиза во воените работи им овозможува да дадат вредни сознанија и да предложат решенија кои ги земаат предвид безбедносните грижи на сите вклучени

[67] https://www.brookings.edu/articles/the-use-of-military-diplomacy-in-great-power-competition, пристапено на ден 02.06.2024 година.
[68] Mijares, V. M., Consideraciones sobre el sistema suramericano de diplomacia de defensa. Iberoamericana,, 2014, pg. 184.
[69] Смиљанов С.: Докторска дисертација – *Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2021, стр 62.

страни. Преку воената дипломатија, нациите можат да работат на деескалација, градење доверба и мирни резолуции.

Од друга страна, одбранбената дипломатија се фокусира на поширока одбранбена и безбедносна соработка меѓу народите. Таа опфаќа низа активности насочени кон зајакнување на одбранбените способности, промовирање на регионалната безбедност и справување со заедничките безбедносни предизвици. За разлика од воената дипломатија, одбранбената дипломатија вклучува поширок опсег на актери, вклучувајќи министерства за одбрана, одбранбени агенции и претставници на одбранбената индустрија. Целта на одбранбената дипломатија е воена соработка која придонесува за политичко зближување, а не создавање воени сојузи.[70]

Британските политички научници Коти и Фостер имаат дадено своја поширока дефиниција за одбранбената дипломатија којашто ја напоменавме во делот на генеза на одбранбената дипломатија каде што сметаат дека таа претставува мировна употреба на вооружените сили и поврзаната инфраструктура (примарно гледано на министерство за одбрана) како алатка за надворешна и безбедносна политика или поточно за воена соработка и помош, додека авторот Драб дава едноставен одговор на прашањето кога одбранбената диломатија ја земени воената дипломатија, и вели бидејќи придавката „воена" ги означува само дипломатските активности на воените мисии и воените претставници, додека во одбранбената дипломатија покрај воените дел се вклучени и цивили.[71]

Одбранбената дипломатија оттука може да се каже дека се карактеризира со размена на информации, технологија и експертиза поврзани со одбраната. Ова може да вклучи продажба на оружје, заеднички проекти за истражување и развој и одбранбена индустриска соработка. Со ангажирање во одбранбената дипломатија, нациите можат да ги подобрат своите одбранбени способности, да ги решат безбедносните празнини и да промовираат интероперабилност меѓу нивните вооружени сили. Оваа соработка, исто така, придонесува за регионалната стабилност и поттикнува чувство на колективна безбедност меѓу земјите-учеснички.

---

[70] Kos-Stanišić L., Domjančić S., *Diplomacija u međunarodnim odnosima: od vojne diplomacije preko obrambene diplomacije do diplomacije sigurnosti*?. Anali Hrvatskog politološkog društva [Internet]. 2021, str 286.

[71] Drab L. *Defence diplomacy – an important tool for the implementation of foreign policy and security of the state*, Security and Defence Quarterly. 2018, pg 58. doi:10.5604/01.3001.0012.5152

Според Словак Пајтинка кој смета одбранбената и воената диломатија се синоними и според него воената дипломатија е “збир на активности кои главно ги спроведуваат претставници на Министерството за одбрана, како и на некои други државни институции, со цел остварување на надворешнополитичките интереси на државата во областа на безбедносната и одбранбената политика, а чие дејствување е врз основа на употреба на преговори и други дипломатски инструменти“.[72]

Терминолошката неодреденост што ја прати воената/одбранбената дипломатија и без разлика дали поединечни држави сѐ повеќе склони да го користат терминот воена или одбранбена дипломатија, содржината на таа дипломатија е поширока и од класичните воени и од одбранбените области и сѐ повеќе се совпаѓа со безбедносната област.

[72] Pajtinka E., *Military Diplomacy and Its Present Functions*, Security Dimensions. International and National Studies. 2016, pg 183

# 4. Одбранбената политика низ призмата на одбранбената и воената дипломатија

## 4.1 Дефинирање на поимот одбранбена политика

Безбедносната политика и одбранбената политика се клучни компоненти на владеењето и националната безбедност. Кога зборуваме за политика мислиме на широк поим кој опфаќа различни области на управување, вклучително и економска, социјална и надворешна политика. Таа обезбедува рамка за донесување одлуки и им помага на владите да ги постигнат своите цели. Поимот политика најопшто може да се дефинира како ангажман во насока на остварување на одредени идеи суштествени за една човекова заедница. Тоа се, пред сѐ, идеите за општо добро, за правда и за општа корисност.[73]

Политиката ги дава насоките за дејствување на државата на сите нивоа на власта, а, пред сѐ на извршната во чиј состав се наоѓа безбедносниот систем. На тој начин државната политика придонесува со обезбедување насоки и поставување ограничувања наменети да влијаат врз одлуките и иницираат акции за спроведување на целите на државната политика. [74]

Националната безбедносна политика е официјален опис на тоа како државата има за цел да ја обезбеди сопствената безбедност и безбедноста на своето население, таа воспоставува разбирање за заканите и ризиците од безбедносната средина и вредностите и принципите кои ќе ја водат државата. Развивањето на безбедносна политика вклучува утврдување пристап кон безбедносните прашања, одредување на приоритетот на заканите за безбедноста и донесувањето на најважните одлуки за безбедносниот сектор. [75]

Таа е наменета да обезбеди сеопфатна национална визија како основа за развој на други документи како што се стратегија за национална безбедност или потсекторски планови. Политиката за национална безбедност може да има форма на единствен документ, но може да се одрази и во збирка постојни документи кои заедно составуваат кохерентна интегрирана политика. Политиката за национална безбедност е водич за

[73] *Enciklopedija politicke culture*, Savremena administracija, Beograd, 1998, str 873.
[74] Рајковчевски Р., *Градење безбедносна политика : случајот на Република Македонија. - Фондација Конрад Аденауер*, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, стр 84.
[75] Albrecht P. and Barnes K.., *National Security Policy-Making and Gender, Gender and Security Sector Reform Toolkit*, Eds. Megan Bastick and Kristin Valasek. Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008, pg 1.

дејствување на владата,  таа не е закон, но нејзината мплементација може да бара промени во правната рамка што го регулира обезбедувањето, управувањето и надзорот за безбедноста. [76]

Одбранбената политика е дел од поширокиот концепт на националната безбедносна политика и важен чекор во реализацијата на истата и нејзините цели. Според Вебстер речникот одбранбената политика е програма  за одбрана на државата од нејзините непријатели.[77] Одбранбената политика е повеќе фокусирана на воените способности и стратегии. Ова може да вклучува одлуки за трошоците за одбрана, структурата на силите и воените сојузи. Општо земено, одбранбената политика се користи за да се гарантира слободата во националниот напредок. Целта на одбранбената политика е да се согледаат заканите што можат да му наштетат на суверенитетот и интегритетот на една држава врз основа на разузнавачка анализа и ги дефинира капацитетите на одбранбените сили и опсегот на националната безбедност, одбранбените сојузи, борбената готовност, вооружените сили и одбранбените средства. Одбранбената политика диктира како ќе се одвиваат работите во одбранбениот сектор.

Одбранбената политика е јавна политика. Јавното и редовно претставување на одбранбените политики е еден од темелите на демократското владеење и како таков и служи на дипломатијата за зачувување, заштита и поддршка на меѓународниот мир и безбедност. Ваквите документи се декларативна политика на една држава, играјќи значителна домашна и меѓународна улога. Тие се важни на многу нивоа, пренесувајќи ги алтернативите и изборите на една политика за целите, начините, средствата и методите. Затоа, од суштинско значење е таа да обмисли целосно и да ја исполни својата функција за поврзување на теоријата со практиката. Одбранбената политика треба да ги земе предвид особеностите на даден контекст и можните варијации на истиот и со тоа ќе постави остварливи и реални цели кои се стремат кон севкупните цели на националната безбедност и тоа да го направи под капата на националните и меѓународните принципи, стандарди и добри практики. Овие политики се од суштинско значење за одржување на националната безбедност и обезбедување на безбедноста на граѓаните.

---

[76] *National Security Policies*, SSR Backgrounder Series, DCAF – Geneva, 2015, pg 2.
[77] http://www.websterdictionary.org/definition/defence%20policy - пристапено на ден 10.01.2024 година.

## 4.2 Одбранбената политика во поглед на ЕУ и НАТО

Одбранбената политика е основен дел од националната безбедност и игра витална улога во обезбедувањето на безбедноста и суверенитетот на една земја. Во контекст на Европа, два значајни сојузи кои ја обликуваат одбранбената политика се Европската унија (ЕУ) и Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО). Двете организации имаат различни улоги и одговорности во областа на одбранбената и безбедносната соработка. Додека ЕУ се фокусира на развивање заедничка одбранбена и безбедносна рамка меѓу нејзините земји-членки, НАТО служи како воен сојуз за колективна одбрана и безбедност во евроатлантскиот регион.

Европската унија (ЕУ) е политичка и економска унија која се состои од 27 земји-членки кои имаат развиено заедничка надворешна и безбедносна политика, вклучувајќи ја и одбранбената соработка.[78]

Одбранбената политика на ЕУ е водена од Заедничката безбедносна и одбранбена политика (Common Security Defense Policy - CSDP), која е главна рамка на политиката преку која земјите-членки можат да развијат европска стратешка култура на безбедност и одбрана, заеднички да решаваат конфликти и кризи, да ја заштитат Унијата и нејзините граѓани и да го зајакнат меѓународниот мир и безбедност. Како резултат на напнатиот геополитички контекст, CSDP е една од најбрзо развивачките политики во последните 10 години.[79]

Убедливо најрелевантниот и водечки документ во поширокиот контекст на CSDP е Европската безбедносна стратегија. Усвоен од Европскиот совет во 2003 година, тој стана централен стратешки документ на ЗНБП и му обезбеди на политичкото поле цврста и одлучна концептуална рамка. Преку овој документ ЕУ се поставува како глобален актер, односно како актер кој е подготвен да придонесе кон глобалната безбедност и да ги надмине некои од дилемите со кои се соочуваше на тој план и таа претставува заеднички одговор на членките за проценување на актуелните безбедносни ризици и начините за справување со нив.[80]

---

[78] https://www.britannica.com/topic/European-Union, пристапено на ден 01.02.2024 година.
[79] https://www.europarl.europa.eu/ftu/pdf/en/FTU_5.1.2.pdf, пристапено на ден 01.02.2024 година.
[80] Георгиева Л., *Безбедносната стратегија на ЕУ и превенција на конфликти*, Годишен зборник на Филозофски факултет, 2006, стр 48.

Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) е воена алијанса која се состои од 30 земји-членки посветени на колективната одбрана, безбедносната соработка и промовирање на стабилноста во евроатлантскиот регион.

НАТО, од друга страна,  е воена алијанса која се состои од 30 земји-членки посветени на колективната одбрана, безбедносната соработка и промовирање на стабилноста во евроатлантскиот регион.

Одбранбената политика на НАТО е водена од принципот на колективна одбрана, како што е наведено во Член 5 од Вашингтонскиот договор, во кој нападот на една земја – членка се смета за напад на целата Алијанса. [81] Овој принцип ја нагласува посветеноста на НАТО за взаемна одбрана, солидарност меѓу земјите-членки и одвраќање од потенцијалните противници. Одбранбената политика на НАТО има за цел да обезбеди безбедност и територијален интегритет на земјите-членки, да промовира стабилност во евроатлантскиот регион и да го поддржува меѓународниот поредок заснован на правила.

Една од клучните цели на одбранбената политика на НАТО е да ги подобри одбранбените способности и интероперабилноста меѓу земјите-членки и земјите-партнери преку заеднички воени вежби, одбранбено планирање и програми за градење одбранбени капацитети.

Нешто што треба да се напомене е дека земјите -членки се обврзуваат да издвојат одреден процент од својот БДП за трошоците за колективна одбрана. Целта е да се осигура дека сите земји-членки ќе придонесат со коректен удел во колективните одбранбени напори на НАТО.

Двете организации ја нагласуваат важноста на интероперабилноста меѓу вооружените сили на земјите-членки за да ја подобрат нивната способност ефективно да работат заедно во кризни ситуации.

Со искористување на нивните соодветни сили и ресурси, ЕУ и НАТО можат да ги подобрат своите колективни одбранбени капацитети и ефикасно да се справат со заедничките безбедносни предизвици.

[81] https://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_17120.htm - пристапено на 01.02.2024 година.

## 4.3 Одбранбена политика на Република Македонија

Република Северна Македонија стана независна држава во 1991 година, по распаѓањето на Југословенската федерација, но мораше да се соочи со бројни предизвици, вклучувајќи го и воспоставувањето на нејзиниот одбранбен систем. Првиот национален безбедносен систем на Република Северна Македонија е воспоставен откако земјата ја прогласи својата независност и оттогаш се преземаат континуирани правни процеси за негово подобрување за да одговара на современите светски стандарди.

Според Уставот на Република Македонија, никој нема право да ја признае окупацијата на државата или на некој од нејзините делови. Ова значи дека одбранбениот систем на Македонија произлегува од политиката на вооружен отпор на секој обид за агресија и на водењето дефанзивна војна на целата територија. Системот на одбрана има задача да обезбеди услови за функционирање на сите владини тела и институции и нивна интеграција во системите на колективна безбедност.[82]

Во Националната концепција за безбедност и одбрана се дадени точни определби дека одбранбената политика на Република Македонија е насочена кон постојано зголемување на одбранбените способности и соодветен развој на системот за одбрана и заштита на трајниот интерес и учество, помош и соработка во заштитата на виталните интереси на Република Македонија. Ова подразбира оптимално и соодветно на можностите и потребите, подготвени и опремени вооружени сили, како и соодветно опремени и подготвени носители и извршители на цивилната одбрана за одговор на ризиците и опасностите по безбедноста на Република Македонија[83] Таа се води од нејзината посветеност за обезбедување на националната безбедност, придонесување за регионалната стабилност и исполнување на нејзините меѓународни обврски како членка на НАТО и други меѓународни организации, како и нејзина соодветна изградба, усогласеност и координација на системот за одбрана со другите делови на системот за национална безбедност.

---

[82] *Градење вредносен и безбедносен систем : услов за интеграција во НАТО,* зборник на трудови од Научната конференција Скопје, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2019, стр 163.
[83] Национална концепција за безбедност и одбрана, Сл. весник бр.40 од 24.03.2003 година

Стратегиските документи посочуваат дека Македонија е насочена кон постојано зголемување на одбранбените способности и унапредување на системот за одбрана и заштита на трајниот интерес и виталните интереси на Република Македонија.

## 4.4 Стратегски документи на одбранбената политика на Република Северна Македонија

### 4.4.1 Национална концепција за безбедност и одбрана

Националната концепција за безбедност и одбрана е донесена од страна на Собранието на Република Македонија на ден 11.06.2003 година. Концепцијата за национална безбедност и одбрана ја изготвува Владата, а ја донесува Собранието на Република Македонија. Таа е основен документ на државата во областа на безбедноста и одбраната. Процената за меѓународното опкружување и положба на Република Северна Македонија, како и можните загрозувањата по нејзината безбедност се основа за целите и насоките за водење на националната безбедносна политика. Овој документ ги соединува уставните интереси и определби на Р.Македонија со јасни цели, можности и ресурси на државата во областа на националната безбедност и одбраната. Националната концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија претставува комплетен пристап кон уредување на безбедноста и одбраната во државата кој како документ е составен од четири главни делови кои понатаму се поделени на поглавја и подпоглавја кои даваат сеопфатно и директно образложение. Целината на Концепцијата е класифицирана на:

*Интереси-* Уставот на Република Македонија ги дефинира највисоките темелни вредности од кои произлегуваат интересите.

*Траен интерес* на Република Македонија е зачувување и унапредување на нејзиниот државен идентитет со слободно изразување на етничкиот идентитет на сите граѓани на Република Македонија, како и заштита на независноста и територијалниот интегритет.

*Витални интереси* со кои се унапредува безбедносната состојба и со кои се создаваат услови за подобар живот на граѓаните и функционирање на државата и општеството се:

- заштита и унапредување на мирот и безбедноста, животот, здравјето, имотот и личната безбедност на граѓаните на Република Македонија;

- развој на мултиетничко општество засновано врз меѓусебна доверба, заеднички напори и стремеж на сите етнички заедници за стабилност и сестран напредок на државата;

- економски развој заснован врз принципите на пазарната економија, приватната сопственост, постојано унапредување на животниот стандард и квалитетот на животот, како и заштита на виталната инфраструктура и ресурси на Република Македонија;

- заштита и унапредување на демократските основи на правната држава - политички плурализам, парламентарна демократија, поделба на власта и демократски и фер избори, владеење на правото, доследно почитување на човековите права и слободи, како и правата и слободите на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и постојано одржување и унапредување на вкупната внатрешна безбедност на општеството и државата;

- политичко-одбранбена интеграција во НАТО, политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската унија, како и во другите системи за колективна безбедност.

*Важни интереси* за Република Македонија, кои се предуслови за креирање и остварување на трајниот и виталните интереси на Република Македонија, се:

- изградба и развој на сите форми на соработка со соседите, а во интерес на мирот, безбедноста и развојот на Република Македонија и нејзините соседи;

- сопствен придонес за зачувување и унапредување на мирот и стабилноста во Југо-источна Европа (ЈИЕ) заради зајакнување на зоната на демократијата, безбедноста и просперитетот на сите земји во регионот;

- учество во изградбата на мирот и стабилноста во регионот, Европа и светот, како и превенција и изградба на инструменти за рано предупредување на тензиите и кризите, со цел - навремено и ефикасно решавање по мирен пат;

- зачувување и напредок на меѓународниот поредок заснован врз праведност, заемно почитување на меѓународниот поредок втемелен во меѓународното право, како и политичка и економска рамноправност на државите;

- обезбедување на услови и унапредување на внатрешно-политичката стабилност и можности заради еднакво право на учество кое во себе треба да

содржи и општоприфатен консензус во врска со прашањата од траен, витален и важен интерес на земјата;

- создавање услови за унапредување на безбедносната култура;

- изградба на праведна, социјална држава со еднакви можности за сите граѓани без оглед на нивната полова, расна, верска, политичка, социјална, културна и друга припадност;

- создавање услови за изградба на општество со комуникации и односи со кои ќе се развиваат заедничките вредности и култура на живеењето, особено кај младата генерација, во духот на толеранцијата, негување на демократските вредности и почитување на личниот интегритет, втемелени во европската демократска традиција, без оглед на етничката, верска или друга припадност и

- зачувување и заштита на животната средина во државата во соработка со поширокото опкружување траен интерес, витални интереси, важни интереси;

*Безбедносно опкружување* опфаќа:

- Меѓународното опкружување и положбата на Р.Македонија
- Безбедносни можности и
- Безбедносни ризици и опасности.

Во овој дел се истакнува дека светот се менува, промените кои се случуваат резултираат со предизвици, ризици и опасности кои бараат нови одговори, кои и покрај напорите на Република Македонија, се единствено можни во соработка и со помош на сите земји од регионот, Европа и светот.

*Политиката на национална безбедност* - претставува сложен и меѓузависен збир на мерки, активности, планови и програми, кои ги презема Република Македонија заради заштита, одржување и унапредување на безбедноста на Република Македонија и нејзините граѓани, во согласност со расположливите ресурси и со активна соработка со меѓународната заедница. Во себе системски ги содржи политичката, економската, одбранбената, внатрешно-безбедносната, социјалната, еколошката и други области. Оваа глава се состои од неколку поглавја и тоа:

- Цели и насоки за водење на политиката на национална безбедност;

- Области и инструменти за остварување на политиката на национална безбедност и

- Менаџмент со кризи

Во овој дел од концепцијата се дефинирани и петте елементи на безбедносната политика, како што се: надворешна, економска, одбранбена, политика на внатрешната безбедност и политика на заштита на животната средина кои имаат непосредно влијание врз оформувањето на безбедносниот систем во функција на одржување на мирот, на безбедноста и на стабилноста на државата. Тука е вклучена и одбранбената политика на Република Македонија која е цел на овој труд и таа е претставена како политика која е насочена кон постојано зголемување на одбранбените способности и соодветен развој на системот за одбрана и заштита на трајниот интерес и учество, помош и соработка во заштитата на виталните интереси на Република Македонија. Ова подразбира оптималност и соодветност на можностите и потребите, подготвени и опремени вооружени сили, како и соодветно опремени и подготвени носители и извршители на цивилната одбрана за одговор на ризиците и опасностите по безбедноста на Република Македонија

*Одбрана - основи и насоки за развој на одбраната на Р.Македонија* - во последната глава од Концепцијата се дадени основите и насоките за развој на одбраната. Во овој дел е назначено дека одбраната на Република Македонија треба да се изгради како систем заснoвен од вооружените сили, но и цивилен сектор со кој ќе се обезбеди заштита на интересите на државата и дека системот. [84]

Национална концепција за безбедност и одбрана Република Македонија е подготвена во рамките на меѓународното право сама, но и по своја одлука, во соработка со партнерите и пријателите, а заради заштита на нејзините интереси, да ги преземе сите мерки и да ги ангажира сите ресурси, заради заштита на нејзиниот траен интерес и во согласност со меѓународното право и Повелбата на Обединетите нации, Република Македонија води соодветна безбедносна политика и го усовршува безбедносниот систем, кој треба да биде способен, ефикасен и кредибилен да одговори на безбедносните предизвици на овој век, да решава кризи внатре, да помогне во решавањето на кризите во регионот и пошироко.[85]

---

[84] Национална концепција за безбедност и одбрана, Сл. весник бр.40 од 24.03.2003 година

[85] Ѓуровски, М.: Докторска дисертација, *Анализа на современите теориско-концепциски пристапи во креирањето на безбедносната политика на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2014, стр 237.

Мора да се напомене дека Конвенцијата не е ажурирана од кога е донесена и дека потребно да се дополни со современи стратешки цели и предизвици.

### 4.4.2 Стратегија за одбрана

Стратегијата за одбрана за прв пат е усвоена на 11-ти септември, 1998 година, повторно на 1-ви март, 2010 година и последната верзија на 24-ти март, 2020 година од страна на Претседателот на државата и врховен командант на вооружените сили. Стратегијата е исклучително значаен документ кој се темели врз основа Уставот на Република Северна Македонија, трајните определби од Националната концепција за безбедност и одбрана, Законот за одбрана и стратегиската определба на Владата на Република Северна Македонија за интеграција во евроатлантските структури.[86]

Стратегијата е важен документ кој врз основа на проценката на идните безбедносни закани, ризици и предизвици за националната безбедност ги дефинира стратегиските одбранбени мисии и насоките за нивно исполнување, дава визија за развој на способностите на Министерството и на Армијата, ги идентификува потребните ресурси за одржување и развој на системот за одбрана и обезбедува насоки за политичка и за воена интеграција во НАТО, како и учество во Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ.[87]

Последната Стратегија за одбрана е составена од 7 глави и тоа:

*Вовед* – на почеток од Стратегијате се наведуваат целите на овој стратешки документ кои потребно е да бидат усогласени со обврските и одговорностите кои ќе произлезат од членството на Република Северна Македонија во колективните системи за безбедност.

*Безбедносно опкружување* - современото безбедносното опкружување е анализирано во поглед на глобално ниво, безбедноста на Југоисточна Европа и безбедноста на Република Северна Македонија каде што се идентификуваат нивните клучните карактеристики. Како најголеми закани и ризици по националната безбедност

[86] Стратегија за одбрана на Република Северна Македонија. Службен весник бр.75 од 24.03.2020 година
Рајковчевски Р., *Градење безбедносна политика : случајот на Република Македонија. - Фондација Конрад Аденауер*, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, стр 117.

Стратегијата ги регистрира економско-политичките проблеми, организираниот криминал, странските разузнавачки служби, радикализмот и насилниот екстремизам, тероризмот, илегалната миграција, сајбер, елементарните непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии и климатските промени и деградирањето и уништувањето на животната средина. Одговорот на современите безбедносни ризици и закани, мора да биде резултат на заеднички пристап и соработка со ООН, НАТО, ЕУ и ОБСЕ.

*Закани, ризици и предизвици во одбраната-* чувствителноста на односите на Балканот останува да биде интезивна и предизвикот за безбедноста и сигурноста на регионот поради разлики од национален, етно-религиски и културолошки карактер и спротивставените цели и интереси останува да биде присутен во Стратегијата.

*Одбранбена политика* - овој дел од Стратегијата ја дефинира одбранбената политика и воената доктрина на Северна Македонија, наведувајќи ги принципите, интересите и целите кои го водат одбранбеното планирање на државата во услови на мир, воена, кризна или вонредна состојба. Концептите за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и европска и евроатлантска интеграција и членство во колективните одбранбени и безбедносни системи остануваат врвен приоритет на нашата одбранбена политика.

*Систем за одбрана* - петтата глава го дефинира составот на системот за одбрана кој е фокусиран на ефикасно и ефективно остварување на уставната функција за одбрана и заштита на државата од сите видови надворешни/внатрешни загрозувања и дека истиот е компониран од воена компонента (вооружените сили, односно Армијата) и невоена компонента (други државни институции кои имаат уддел во справувањето со безбедносните закани и ризици, органите на локалната самоуправа, јавни претпријатија и друштва и граѓаните).

*Одбранбени ресурси и способности* - стратегијата наведува дека одбранбените ресурси ги сочинуваат човечките, материјалните и финансиските средства.

Одбранбените способности ќе бидат редизајнирани со цел постепено да се изврши намалување на персоналот и замена на застарената опрема со современа и модерна опрема, компатибилна со земјите-членки на НАТО и на ЕУ и ги најавува механизмите за финансирање и стратегиите за управување со ресурси за да се обезбеди одржливост на одбранбените способности.

*Имплементација*

Стратегијата за одбрана на Северна Македонија служи како витален документ кој го води планирањето на одбраната обезбедувајќи стратешки патоказ за зајакнување на националната безбедност, зајакнување на одбранбените капацитети и промовирање на регионалната стабилност во согласност со безбедносните интереси на Северна Македонија и меѓународните обврски.

### 4.4.3 Стратегиско одбранбен преглед

Стратегискиот одбранбен преглед обезбедува насоки за идниот развој и континуирана трансформација на одбраната, со цел создавање на модерна и флексибилна Армија на Република Македонија, која може да ги извршува зададените одбранбени мисии и задачи и да дава позитивен придонес на нашиот пат кон полноправното членство во НАТО – алијансата.[88] Во овој официјален и јавен документ објективно се презентирани положбата на Република Македонија и нејзината одбрана во безбедносен смисол, конкретните понатамошни идеи кои треба да се имплементираат во одбраната, како и идните намери и насоки кои ќе послужат како водилки за понатамошната трансформација и работа на одбраната во иднина.

*Современа македонска одбрана* - првиот дел од Стратегискиот одбранбен преглед е приказ на моменталната состојба на националното, регионалното и глобалното опкружување, проценките на заканите, ризиците и предизвиците. Во првиот дел, исто така, се наведени одбранбените интереси и планирачките претпоставки, одбранбените цели, мисии и задачи што претставува појдовна основа во процесот на анализа и планирање на идните потенцијали, капацитети, способности и ресурси.

*Безбедносниот контекст на Република Македонија* - воспоставувањето на добрососедските односи и фактот дека соседните држави се членки или аспитанити за членство во НАТО и ЕУ значително го подобрува безбедносното опкружување на Република Македонија. Во документот којшто се анализира е посочено дека „заканата од воена агресија од страна на друга држава врз Република Македонија на краток, на среден и на долг рок е малку веројатна“ , при тоа треба да се обрне внимание на зборовите дека оваа закана е „ малку веројатна“, но не и „непостоечка“. Заканите кои се изнесени во

[88] Стратегиски Одбранбен Преглед, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2018 година.

СОП како најзначајни се ризиците кои се „асиметрични, хибридни, сајбер- закани и други невоени закани, вклучувајќи ги и оние предизвикани од недржавни актери“. Оваа констатација е многу важна, бидејќи дава насоки за идниот развој на одбраната на Република Македонија, односно укажува дека одбраната треба да се приспособи за справување со горенаведените закани и ризици. Во овој дел се наведени и одбранбените цели на Република Македонија од кои произлегуваат мисиите и задачите на одбраната. Определувањето на одбранбените цели се темели на уставот, надворешната политика, на политичките приоритети и на дефинираните закани, ризици и предизвици и се преклопува со безбедносните интереси.

Во продолжение на Стратегискиот одбранбен преглед е спомнато дека „Меѓународната одбранбена соработка е од витално значење за Република Македонија, особено во однос на остварувањето на нашите евроатлантски цели“, како и важноста на билатералната соработка со САД.

*Идната македонска одбрана* - во вториот дел од Стратегискиот одбранбен преглед е изнесена идната структура на одбраната (организациско – формациската структура на Армијата и на МО, како и бројната состојба во истите). Мала, мобилна и современа армија кон каква што се стреми Република Македонија не смее да не биде вклучена во операциите за зачувување на глобалниот мир.

*Имплементација и развој на одбраната* - стратегискиот одбранбен преглед е документ којшто ја дава моменталната слика за состојбата на одбраната, како и слика за идната одбрана. Овој документ предизвикува донесување на Долгорочен план за развој на одбраната и План за имплементација. Важно е да се спомене дека процесот на имплементација и развој на одбраната ќе биде проследен со разни предлози за измени и дополнување на законот за одбрана, законот за служба во АРМ, законот за јавни набавки како и други закони и подзаконски акти[89].

Заради застареното оружје и опрема потребна е модернизација на Армијата. Во СОП-от како главни приоритетни проекти за опремување се:

- Пешадиски борбени возила/оклопни транспортери
- Сајбер опрема
- Инженериски машини и опрема

---

[89] Стратегиски Одбранбен Преглед, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2018 година.

- Воени транспортни возила
- ИРНОЦ способности
- АБХО опрема [90]

Стратегискиот одбранбен преглед е клучен документ со кој се дефинира одбраната и нејзиниот развој. Овој документ не ги дава конкретните насоки за развој, туку претставува база според која се изработуваат Долгорочниот план за развој и Планот за имплементација на СОП. Целта на овој документ е да се создаде мала, мобилна, обучена, интероперативна и интероперабилна армија создадена според НАТО стандардите којашто рамо до рамо со најмоќните армии во светот ќе придонесува за зачувување на глобалниот мир.

### 4.4.4 Долгорочниот план за развој на одбранбените способности

Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032 е основен документ врз кој се проектира развојот на воените и одбранбените способности на вооружените сили во државата во насока на нејзиното реализирано зачленување во НАТО и нејзиното идно зачленување во ЕУ. Овој план, во минатото наречен План за развој на обраната, е конструиран од перата на експерти од одбраната, политиката и економијата со цел да биде прецизно определено што треба да се работи во наредните десет години. Секој долгорочен план детално се проектира за да овозможи слика за стратегиските цели, одбранбените мисии и да ни овозможи сихронизација на националното планирање со НАТО-одбранбеното планирање. Со членството во НАТО на Република Северна Македонија се јави потребата за ажурирање на Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2018-2028 поради експлицитно исполнување на преземените обврски како полноправна членка преку исполнување на принципите на фер и рамномерно споделување на товарот (Fair Burden Share) и разумен предизвик (Reasonable Challenge).[91]

---

[90] Стратегиски Одбранбен Преглед, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2018 година..

[91] Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2023 – 2032, Сл. весник бр.91 од 28.04.2023 година

Овој план е составен од повеќе глави кои го проектираат развојот на одбранбените и воени способности на Вооружените сили (ВС) и на Министерството за одбрана (МО) за период од 10 години. Тие се :

*Стратегиското безбедносно опкружување-* како најажурен стратегиски документ кој ја опфаќа новонастаната глобална ситуација со Руската Федерација која претставува најдиректна закана за безбедноста по европската безбедност наведена е голема промена во перцепциите за безбедноста на Република Северна Македонија и на регионот како целина. Безбедноста на Република Северна Македонија може да биде загрозена директно и индиректно од нарушување на стабилноста и конфликти, коишто се случуваат во поблиското опкружување, регионалните и глобалните безбедносни предизвици и војни. Конвенционалните, транснационалните закани, асиметричните, хибридните, како и сајбер заканите, продолжуваат да претставуваат зголемен безбедносен предизвик.

*Одбранбена политика-* заштита на националните интереси, кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија и заедничките вредности на Алијансата за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност остануваат стратегиска цел на одбранбената политика. Колективната, а не индивидуалната безбедност се смета за најполезна стратегија за нашата држава. Системот за одбрана на Република Северна Македонија постојано треба да биде подготвен за извршување на следниве одбранбени мисии:

1. Одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија и НАТО сојузниците,

2. Јакнење на регионалната и глобалната безбедност и стабилност со учество во меѓународни операции и мисии, и

3. Поддршка на цивилните власти и граѓани.

Наведено е дека се очекува од нашите вооружени сили да бидат флексибилни, соодветно структурирани, способни за реализирање на доделените одбранбени мисии во согласност со расположливите и доделени ресурси со што ни дава приказ дека новата трансформација ќе ни даде модерна армија која ќе биде способна за одбранбени мисии во согласно со Уставот и ќе биде во можност да одговори на задачите произлезени од стратегискиот концепт на НАТО.

Идните вооружени сили 2028 ќе се обучуваат, ќе се опремуваат, ќе се развиваат и

ќе одржуваат способности и капацитети  за асистенција на другите владини институции и организации во услови на природни и технички катастрофи и асистенција при справување со закани и ризици по безбедноста на државата предизвикани од недржавни актери.

*Реорганизација на Министерство за одбрана-* Министерството за одбрана е веќе реорганизирано во согласно на ДПРОС 2018-2028 со цел да се намали бројот, ќе остане како активна задача да се одржува достигнатата бројна состојба од 700 вработени. Преку реорганизацијата ќе се овозможи зголемена и поцврста координација и соработка на средно ниво што во моментов недостасува. Министерството за одбрана ќе биде оспособено и за одговор на новите, хибридни, односно сајбер закани и ќе развива способности за спречување на дезинформации, лажни вести и пропаганда и ќе ги усовршува своите безбедносни (разузнавачки и контраразузнавачки) капацитети во сите форми.

*Трансформација и реорганизација на Армијата –*се очекува Армијата да помине низ процесот на трансформација на насока на достигнување на структурата на „Идни вооружени сили 2028“ за соодветен одговор по современите предизвици и закани. Предвидена е промена на структурата на Армијата, нејзината организација е дизајнирана со консолидиран број команди и штабови со многу јасни дефинирани нивоа на одговорност – стратешко, оперативно и тактичко, со делегирани одговорности на соодветно ниво наместо досегашната централизација, оптимална големина и целосна пополнетост на единците.

*Воени способности на Армијата* - со цел имплементирање на одбранбената политика, воените цели и извршување на добиените мисии/задачи потребно е Армијата да ги поседува способностите за изведување на мисии и операции во различен простор и временски услови, способност за командување и контрола, способност за мобилност, способност за распоредување,  способност за одржливост на силите во операции способност за интероперабилност, способност за модуларност, способност за заштита на силите во операции и способност за сајбер-одбрана. Во согласност со целите за НАТО-способности, Армијата  треба да поседува минимум потребни капацитети за борба, борбена поддршка, борбено-сервисна подршка и К2. Развој на поголеми оперативни

капацитети и способности за достигнување на соодветно ниво на интероперабилност со НАТО е цел која е неколку пати спомната низ ДПРОС, а со тоа се прикажува важноста на постигнувањето на нормата која ја има поставено НАТО.

*Модернизација и опремување на Армијата* -замената на постојното вооружување, вооружени системи и опрема ќе се реализира во согласност со јасно изразените приоритети и со динамиката на аквизиција. Највисок приоритет за опремување и модернизација се единиците за учество во операции и мисии предводени од НАТО.

Трансформацијата ќе ги опфати способности за индиректна огнена поддршка, како и индивидуални и колективни капацитети и способности за справување со атомско, биолошко и хемиско оружје со што ќе се набават нови орудија за артилерска поддршка и нови средства за АБХ- заштита што е значаен момент бидејќи овие родови се запоставени во минато.

Се очекува и развој на интегрирани капацитети и способности за воздушно набљудување и јавување и капацитети и способности за противвоздушна одбрана на мали височини за што е планирано набавка на нови интегрирани системи.

*Човечки ресурси* - Луѓето се највредниот ресурс за постигнување на целите, мисиите и задачите на Министерството и Вооружените сили. Затоа, управувањето со човечките ресурси треба да биде насочено кон обезбедување сите вработени, индивидуално или колективно и на сите организациони нивоа, даваат оптимален придонес за постигнување на дефинираните цели. Со подобрување на работните процеси ќе се овозможи на подолг рок да се справиме со предизвиците за остварување на поставените цели.

Стратегијата за управување со човечки ресурси предвидува, со интеграција на информатичката технологија, вештачката интелегенција и управувањето со организациското знаење во процесите на системот, да се врши планско и насочено создавање, одржување и развивање на професионален и мотивиран човечки потенцијал во одбраната. Транспарентното и правилно димензионирано водење во кариерата позитивно влијае врз задржувањето на персоналот, а за тоа е потребно да се изработи модул којшто ќе стимулира вработените. Во Министерството и во Армијата се преземаат мерки за заштита на начелата на недискриминација, еднаквите можности на мажите и жените и

соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците, врз основа на критериумите на стручност и компетентност.

*Образование и обука* - Министерството за одбрана преку Секторот за човечки ресурси, како организациски носител на функционалните задачи од доменот за образованието и обуката, врши управување со системот преку дистрибуција и координирање на надлежностите и одговорностите на сите негови делови. Генералштабот, како единствена стратегиска команда, е носител на имплементацијата на политиките во однос на обуката и вежбите во Армијата, планирањето на обуката во согласност со стандардите на НАТО за остварување на мисиите и задачите на Армијата.

*Логистичка поддршка* - за надминување на уочените слабости за потребите на Армијата и МО ќе се развива интегрирана логистичка поддршка која ќе ги вклучува основните, дополнителните и помошните логистички функции.

*Одбранбени комплекси, објекти, инсталации и инфраструктура* – потребата од соодветно планирање, организирање, постојано одржување, како и редовно модернизирање, претставува неопходен предуслов за исполнување на одбранбените способности. Како приоритети во доменот на инфраструктурата се следниве:

1. Развивање на инфраструктурните капацитети со цел поддршка и насочување за навремено и потполно достигнување на целите на способности доделени во НАТО пакетот на цели на способности 2021;

2. Изградба и модернизирање во современа инфраструктура за новите материјално-технички средства;

3. Создавање современи и стандардни услови за живот и работа на човечкиот капацитет;

4. Унапредување на системот за одржување и обезбедување на инфраструктурата;

5. Модернизирање на инфраструктурата за образование и обука;

6. Имплементација на концептот „зелена одбрана“ во целокупната инфраструктура;

7. Реновирање и одржување репрезентативна инфраструктура на Министерството.

*Финансиски ресурси* - Приоритети на буџетот во одбранбениот сектор ќе бидат квалитативно зајакнување на персоналот, опремување на Армијата согласно НАТО-стандардите и подобрување на условите за работа на припадниците на Армијата. Буџетот на одбраната ќе се зголемува за по 0,2 отсто од БДП, со намера да се исполни препораката

на НАТО од 2 отсто од БДП до 2024 година, што тоа и се постигна.

*Комуникациски и информациски системи и сајбер-одбрана* - ќе се продолжи да се раззвива КИС и да се спроведуваат голем број проекти за надградба и модернизација на ГКИС, вклучително и обезбедување на безбедни и сигурни врски помеѓу статичките и мобилните елементи на КИС, ќе се оформи мобилен КИС за декларираните единици кои ќе бидат интероперабилни со НАТО, ќе се зголеми и засили компјутерската одбрана и сигурност на двата елементи од КИС.

За сајбер одбраната има повеќе во Националната стратегија за сајбер безбедност каде што е планирано да се развиваат капацитети и да се имплементираат технологии кои ќе обезбедат соодветна заштита на информациите при пренос на говор и податоци во реално време, како и градење на капацитети за сајбер одбрана и информатичка безбедност за пренос на класифицирани и некласифицирани информации помеѓу различни области, заштита до ниво на објект, виртуелни приватни мрежи, капацитети за идентификација и реакција на компјутерски инциденти.

ДПРОС 2023-2032 е комплементарен документ, кој е директно поддржан со Акциски план 2023-2032, кој детаљно ги разработува дефинираните приоритети и цели со утврдена временска рамка.

## 4.5 Остварување на одбранбената политика преку одбранбена и воената дипломатија на Северна Македонија

Република Македонија, денес Република Северна Македонија, по постигнувањето на конечниот договор со Република Грција, од самото осамостојување кога го започнува процесот на формирање, нејзината безбедносна политика ги започнува дипломатските активности за нејзино меѓународно признание, воедно отпочнуваат и активностите од полето на одбраната. Во одбранбената политика на Северна Македонија, одбранбената дипломатија и воената дипломатија се суштински компоненти кои играат клучна улога во постигнувањето на безбедносните цели на земјата и зајакнувањето на нејзините одбранбени способности.

Преку одбранбената дипломатија, Северна Македонија се ангажира во дипломатски иницијативи и воена соработка за да ги подобри своите одбранбени способности, да ја промовира стабилноста во регионот и да придонесе во меѓународните мировни напори,

додека воената дипломатија се фокусира на градење односи со другите вооружени сили за зајакнување интероперабилноста, поттикнување доверба и соработка и справување со заедничките безбедносни предизвици.

Самиот развојот на нашата воена дипломатија може да се подели на два периода и тоа:

1. Првиот период кој се совпаѓа со заминувањето на поранешната ЈНА, сè до нашиот прием во ООН и
2. Вториот период од приемот во ООН до денес.

Првиот период, во основа го карактеризираат неколку военодипломатски активности и тоа:

1. Воспоставување дијалог за заминување на ЈНА, која според Уставниот закон стана странска вооружена сила на нашата територија.
2. Прием на странски воени дипломати, на кои им беше објаснувана нашата позиција за одбраната и безбедноста.
3. Презентирање на нашата одбранбена политика од страна на нашето највисоко државно раководство.

Вториот период го карактеризира интензивна осмислена и ефикасна дипломатска активност на нашата земја во одбранбено-заштитната сфера, водена пред сè од Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи и државното раководство. Оттука, произлегоа и следните военодипломатски активности:

1. Создавање на нормативно-правна основа за нашата воена дипломатија.

2. Институционализирање на воената дипломатија.

3. Утврдување на приоритетите во работата на воената дипломатија.

4. Кадровско и материјално-техничко оспособување на воената дипломатија.

5. Поставување на наши претставништва во странство и нивно оспособување за работа.

6. Интензивирање на соработката со колективните системи за безбедност, а особено со НАТО.

7. Воспоставување меѓуармиска соработка меѓу АРМ и армиите на повеќе земји членки на ЕУ.

8. Воспоставување соработка меѓу образовните институции и воените академии кои школуваат кадри за потребите на одбраната.[92]

Дипломатијата во областа на одбраната се одвива на различни нивоа и тоа:

- највисокото ниво на дипломатските активности ги води претседателот на Р.Македонија, потоа министерот за одбрана, началникот на ГШ на АРМ со своите соработници;
- дел од активностите во оваа сфера на меѓународен план ги остваруваат и претседателот на Собранието, претседателот на Владата и министерот за надворешни работи;
- во доменот на меѓуармиската соработка работите ги координира ГШ на АРМ;
- останатите активности ги извршуваат нашите дипломатски и военодипломатски претставништва, експертски тимови и стручњаци од определени области и сл.[93]

Воената дипломатија на нашата држава низ призмата на стратегиските документи е дефинирана како во стратегискиот одбранбен преглед (СОП) на Обединетото кралство: „Воената дипломатија треба да им овозможи реализација на различните активности што ги преземаат МО и Армијата за отстранување на непријателството, градење и одржување на довербата и обезбедување поддршка за развој на вооружените сили во кои владее демократијата, промоцијата на мирот и учеството во мировните подготовки и реализацијата на активностите во правец на справување со кризите и современите предизвици, со што значително ќе се придонесе за спречување и разрешување на потенцијалните конфликти" [94], која е наведена во стратегискиот документ Концепт на одбранбената дипломатија донесен од страна на Министерство за одбрана на нашата држава во 2006 година.

Додека како основна задача на македонската воена дипломатија според авторот Јовановски е да ги претставува вооружените сили во другите земји и да ги штити нивните интереси, дополнето со задачата да гради соработка со другите армии, со цел зајакнување на стабилноста и довербата меѓу земјите.[95]

---

[92] Гоцевски Т., Ортаковски В., Георгиева Л., *Разрешување и трансформаија на конфликтите*, Македонска ризница, Куманово, 1999, стр 142.

[93] *Современа македонска одбрана*, Министерство за одбрана на Република Македонија, бр.21, 2012, стр.43

[94] Концепт на одбранбената дипломатија, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2006 година, .стр 5.

[95] Јовановски, З., *Воена дипломатија*, Напредок, Тетово, 2018, стр. 60.

Стратегискиот одбранбен преглед од 2018 година ја навестува Стратегијата за одбранбена дипломатија, но до денес (2024 година) сѐ уште нема најава од страна на Министерството за нејзина обнова од 2012 година.

Со членството на Северна Македонија во НАТО започна едно ново поглавје во македонската одбрана во кое државата премина во систем на колективна одбрана, во согласност со Член 5 од Вашингтонскиот договор, во кој нападот на една земја – членка се смета за напад на целата Алијанса. Главните цели на државната одбранбена и безбедносна политика е да обезбеди мирен развој, независност и суверенитет на државата, територијален интегритет, уставен поредок и безбедност на граѓаните, дома и во целата евроатлантска област.[96]

### 4.5.1 Билатералните и мултилатералните воени вежби како инструмент на Република Северна Македонија

Една од најочигледните манифестации на одбранбената дипломатија лежи во билатералните и мултилатералните воени вежби. Овие вежби служат барем за една од четирите клучни цели: укажување на политичка наклонетост, демонстрација на билатерална или мултилатерална соработка, прикажување на расположливата воена опрема и технологија и способноста да се користи и напори за подобрување на воените капацитети со другите земји. Северна Македонија активно учествува во овој тип на вежби како дел од нејзините одбранбени дипломатски напори за зајакнување на воената соработка, подобрување на интероперабилноста со сојузничките сили и придонес за регионалната и глобалната безбедност. Овие заеднички вежби обезбедуваат можности за обука за македонските вооружени сили да работат заедно со војници од други нации, да споделуваат најдобри практики и да ги зајакнат нивните одбранбени способности.

Армијата со делови од своите состави во 2023 година со вкупно 700 свои припадници учествуваше на 13 меѓународни вежби во земјата и во странство меѓу кои се вежбате „Immediate Response 23"„Anatolian Eagle 23", „Combined Resolve 18", " Anadolian Eagle 23", "Warior 22", "Efes 22", "Kfor 32", " Orion 23 22", Beyon horizon 23" и други. [97]

[96] Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана 2023 – 2024 година, бр.10-610/1 од 06.02.2023 година, стр.10

[97] https://mil.mk/vezhbi/ , пристапено на ден 20.01.2024 година.

Резултатот од овие вежби е заеднички активности за обука, теренски маневри и симулации за подобрување на воената соработка, подобрување на тактичките вештини и поттикнување поблиски односи со сојузничките сили. Мора да се напоменат и капацитетите на армискиот полигон „Криволак“, домашен вежбовен ресурс што придонесува кон зацврстување на локалната и на националната економија. Доказ за тоа е и најголемата вежба организирана во Република Северна Македонија заклучно со 2022 година – вежбата „Swift Response“, во која учествуваа над 4.600 армиски припадници од 8 сојузнички нации – Република Северна Македонија, САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Црна Гора, Албанија и Грција.[98] Додека од крајот на мај до почетокот на јуни на АП Криволак учествуваа околу 1850 припадници на армиите на четири НАТО земји и една партнерска земја: Република Северна Македонија, Соединетите Американски Држави, Албанија, Црна Гора и како земја партнер на НАТО Косово.

### 4.5.2 Армијата - дел од мировните операции

Учеството во билатералните и мултилатералните мировните операции како членка на ООН и земја партнер на НАТО и ЕУ одигра клучна улога во одбранбената дипломатија на Република Македонија, практика која датира од 2002 година. Од раните почетоци како членка на Обединетите нации, земјата постојано покажува посветеност на промовирање на мирот и безбедноста на глобално ниво и го продолжува своето учество во мировните мисии на НАТО, ООН и ЕУ.

Првата Одлука за учество во мисијата „ИСАФ“ со двајца штабни офицери, ја донесе Собранието на Република Македонија во јули 2002 година, со што ја потврди својата политичка волја и способност за придонес во меѓународната безбедност како доверлив и посветен партнер. Во текот на оваа мисија припадниците на Армијата на Република Северна Македонија, војници и старешини извршуваат повеќе разновидни задачи на различни позиции како: сили за обезбедување на главната команда на мисијата, штабен персонал, медицински персонал, како и менторски тимови за обучување.

Врз основа на Одлуката на Владата на Република Северна Македонија во октомври 2020 година Армијата директно учествуваше во мисијата КФОР во Косово, со контингент од 44 припадници на Армијата, составен од штабни офицери и вод за обезбедување,кои

[98] https://mil.mk/vezhbi/- пристапено на ден 20.01.2024 година.

извршуваа задачи во главната команда на мисијата и во командата на КФОР – „Запад“. Претходно учествуваше посредно преку обезбедување логистичка поддршка за НАТО преку координативниот центар за поддршка на земјата домаќин, кој вршеше координација со силите на КФОР при царинските и граничните процедури на транспортот, вклучувајќи и други потреби на КФОР од доменот на логистичкото обезбедување.[99] Овие мисии не само што ја покажаа посветеноста на земјата за меѓународниот мир и безбедност, туку обезбедија и достојно искуство и обука за вооружените сили.

Припадниците на Армијата остануваат ангажирани во мисијата на НАТО на Косово, КФОР, во мисијата на ООН, УНИФИЛ во Либан и во операцијата АЛТЕА на ЕУ во Босна и Херцеговина. Учествуваат во рамки на мисијата на ЕУ во Централноафриканската Република. Во рамките на зајакнатото присуство на НАТО на источната граница на Алијансата, припадници се дел од мисијата на НАТО во Латвија (во рамките на словенечкиот контингент), предводена од Канада, во борбената група во Романија предводена од Франција и борбената група во Бугарија, предводена од Италија. За нас безбедно НАТО и безбеден регион, значи и безбедна Република Северна Македонија. Домаќини сме и на Бригадата на Југоисточна Европа. Главниот штаб на една од најистакнатите регионални иницијативи, до 2026 година е стациониран во Куманово.[100] ООН се целосно транспаретни со податоците и мора да се напомене податокот дека заклучно со ноември 2023 година, нашата земја е рангирана како 115 држава од вкупно 121 кои даваат придонес во мировните операции со униформиран персонал.[101] Дополнително ако се додаде и податокот дека од целиот Балкан ние сме на последно место, најблиску до нас е Албанија на 103-то место овој придонес воопшто не е завиден.

### 4.5.3 Дипломатските претставници во одбраната на Република Северна Македонија

[99] https://360stepeni.mk/uchestvoto-vo-kfor-e-prvata-nato-misija-za-nashata-armija/ пристапено на ден 01.02.2024 година.
[100] Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана 2023 – 2024 година, бр.10-610/1 од 06.02.2023 година, стр 16.
[101] https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/02_country_ranking_68_november_2023_revision_1.pdf, пристапено на ден 24.02.2024 година.

Најфундаменталната и традиционална форма на одбранбена дипломатија вклучува употреба на одбранбени аташеа во странски држави и посетите на висок воен персонал на странски држави. Овие практики претходно беа познати како воена дипломатија пред да бидат опфатени во поширокиот поим одбранбена дипломатија.[102] Според Стратегијата за одбранбена дипломатија на Република Македонија „дипломатската служба во обласста на одбраната и за потребите на Армијата на Република Македонија, ја вршат воени претставници, одбранбени аташеи и одбранбени и воени советници. Според важечките законски решенија, воените претставници со чин генерал и одбранбените аташеи, на предлог на министерот за одбрана, ги поставува и ги разрешува претседателот на државата. Министерот за одбрана го упатува другиот воен и цивилен персонал на должности во воени претставништва и мисии во странство и во штабови во други меѓународни организации и меѓународни воени единици".[103]

Како мала држава со лимитирана можности Северна Македонија нема одредено одбранбено аташе во сите земји. Назначувањето на одбранбено аташе обично се заснова на билатерални договори, безбедносни приоритети и потребата за одржување на комуникација и соработка меѓу воените сили. Во поглед на пополнетост пополнети се одбранбено-дипломатските позиции во САД, Турција, Франција, Велика Британија и СР Германија, нерезидентното аташе за Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина.[104] Одбранбените аташеа, поради нивнота позадина и природата на работа, се сметаат за клучни овозможувачи за промовирање на одбранбена политика во нивните резидентни и акредитирани земји на одговорност.

### 4.5.4 Родовата перспектива во одбраната на Република Северна Македонија

Главната идеја на феминистичкиот пристап е дека 50% од светската популација е женска и без жени не може да се постигне вистински и одржлив мир. Според тоа, родовата интеграција во вооружените сили е од витално значење. Постојат три родови перспективи за безбедносниот сектор:

---

[102] Drab L. *Defence diplomacy – an important tool for the implementation of foreign policy and security of the state*, Security and Defence Quarterly. 2018, 57–71. doi:10.5604/01.3001.0012.5152—

[103] Смиљанов С.: Докторска дисертација – *Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2021, стр 120

[104] Смиљанов С.: Докторска дисертација – *Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2021, стр 120

1) почитување на универзалните човекови права;

2) мажите и жените се еднакви и мора да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки; и

3) вклучувањето на родовите аспекти во главните политики може да ја подобри оперативната ефективност. [105]

Македонија во последните години прави значителен напредок во интегрирањето на родовата перспектива во нејзината одбранбена политика. Покажа посветеност на промовирање на родовата еднаквост и зајакнување на жените во рамките на нејзините вооружени сили и одбранбените институции. Посветеноста кон родовата еднаквост ја потврдува со закон за родова еднаквост, стратегии за постигнување на родова еднаквост, акциски планови за спроведување на Резолуцијата (РСБОН) 13253, како и институционални механизми за спроведување политики и закони кои се однесуваат на родовата еднаквост и спречување на родово заснована дискриминација.

Во Република Македонија жените за првпат беа примени на курсеви за службите за офицери и подофицери во Армија во 1997 година. Од 2009 год. се применува Програмата за еднакви можности за жените и мажите во МО и Армија, а жените се запишуваат на Воената академија без примена на квоти. Во 2012 година процентот на застапеност на жените во униформа бил 5,7%, додека во 2023 година процентот на застапеност е 10,8%. Висок раст има и кај процентот на жените-офицерки, кои во 2012 година биле 9%, додека пак во 2023 година тој процент е 18%. Додека во рамките на Министерството за одбрана, вкупната застапеност на жените е 47 %, а на 48 % од раководните позиции се поставени жени.[106]

Низ целиот регион, процентот на жени на командни и лидерски позиции е низок и се движи од 4 до 8%, со исклучок на Хрватска со 12% жени на командни позиции. Сепак, сите земји забележаа благ пораст на учеството на жените на командните позиции. Во повеќето земји, жените со највисок чин во војската се полковници. Чинот генерал сè уште го имаат само две жени во регионот: една во албанските вооружени сили и една во

[105] Arostegui J. L., *Gender and the Security Sector: Towards a More Secure Future*, The Quarterly Journal 14, 2015, pg 5.

[106] Димовска П., *Создаваме систем на родова еднаквост кој е инклузивен, разновиден, ефективен и ефикасен*, Штит - посебно издание, Министерство за одбрана на Република Северна Македонија.

вооружените сили на Хрватска.[107] Исто така, за првпат во историјата на Армијата на Република Северна Македонија е поставена жена аѓутантка на Претседателот на Републиката и Врховен командант на Република Северна Македонија, а во последните два мандати имаме и жена Министер за одбрана. Иако Македонија има поставено цел да ја вклучи родовата перспектива во мировните операции и мисии, таа низ минатото има обезбедено само неколку мировници во мировните операции на ОН и сите од нив се од машки пол. Мора да се напомене и податокот дека досега нема поставено жена во улога на одбранбено аташе.

[107] https://balkandefencemonitor.com/bdm-by-topic/women-in-the-defencesystem/, пристапено на ден 23.02.2024 година

## Заклучок

Врз основа на сето претходно презентирано може да се извлечат неколку заклучоци.

Основните изрази на античката дипломатија – испраќањето на акредитирани пратеници на суверените за да ги претставуваат пред други суверени при што акцентот бил на односите, комуникациите, известувањето, преговорите и протоколот - се препознатливи и во денешната модерна дипломатска култура заснована на држава. Имено, во првата глава од овој труд беше посочено дека дипломатијата нема договорена дефиниција бидејќи не е лесен термин за дефинирање, односно има онолку дефиниции колку што има и автори. Од наведеното во делот за дефинирање на дипломатијата може да заклучиме дека дипломатија претставува инструмент на надворешната политика кој станува поактуелен во светската политика, но и како иструмент кој помага при креирањето на светската политика.

За одбранбената дипломатија посочена во втората глава може да се заклучи дека нејзиното значење се проширува на глобално ниво. Ниту една од функциите и задачите на одбранбената дипломатија кои се наведени не се сосем нови, некои (на пример, назначување на аташе) датираат неколку векови. Суштината е, сепак, дека иако оваа активност имала во минатото исклучиво воена улога, сега таа е наменета пред сè за зајакнување на сопствените вооружени сили, нивната позиција во однос на другите вооружени сили и нивната позиција во светот и дека денес таа е составен дел националните стратегии на повеќето земји и е насочена кон поддршка на нацијата, не само на вооружените сили. Државите како САД, Индија и Шпанија активно и ефективно ја спроведуваат одбранбената дипломатија за да ги зајакнат своите одбранбени способности и да создадат стратешки партнерства со клучни земји.

Воената дипломатија е важна алатка за промовирање на мирот, безбедноста и соработката меѓу земјите којашто вклучува употреба на воени способности и ангажмани за зајакнување на меѓународните односи, промовирање на мирот и безбедноста и унапредување на националните интереси. Воената дипломатија служи како средство за воспоставување доверба, градење партнерства и справување со безбедносните предизвици преку одбранбена соработка и дијалог. Во третата глава е даден е и одговорот на

прашањето, „Дали одбранбената дипломатија е едно исто со воената дипломатија“ ? Повеќето автори сметаат дека одговор на тоа прашање е дека одбранбената дипломатија е поширок поим за разлика од воената дипломатија и таа не можеме да ја сметаме само како збир на задачата „војска + дипломатија“, туку таа е збир на повеќе области, мерки и активности кои се извршуваат од страна на повеќе државни институции, а не само од Армијата и армискиот персонал.

Од анализата во четвртата глава произлегува дека во свет кој станува сè повеќе меѓусебно поврзан и сложен, една земја повеќе не може да избере да се изолира и да очекува да опстане сама. Само преку колективно споделување на одговорностите и ангажирање со други земји би можело да се обезбедиме глобален мир и просперитет и токму тој пат Република Северна Македонија го одбра.

Одбранбената дипломатија и воената дипломатија како две форми на државно творештво играат важна улога во унапредувањето на националните интереси на Северна Македонија и ‚долгорочно, во одржувањето силни и издржливи безбедносни односи со воените партнери и соседите. Нивниот придонес е од витално значење и за професионално и ефективно извршување на целите на одбранбената политика. На пример, само преку интегрирање на ефикасна одбранбена дипломатија, Северна Македонија можеше да се вклучи во практично искуство за обука за професионализација на нејзините воени сили и развој на потребната рамка за влез во НАТО, бидејќи стандардите и практиките на алијансата бараат одредено ниво на интероперабилност и мирновременски воен ангажман со другите сојузници. Во остварувањето на целите на одбранбената политика и зајакнувањето на безбедносните капацитети и соработка, активностите и на одбранбената дипломатија и на воената дипломатија треба да се спојат и да работат заедно на кохерентен начин.

## Користена литература

**Книги, статии, трудови:**


- Albrecht P. and Barnes K.., *National Security Policy-Making and Gender, Gender and Security Sector Reform Toolkit*, Eds. Megan Bastick and Kristin Valasek. Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008.
- Arostegui J. L., *Gender and the Security Sector: Towards a More Secure Future*, The Quarterly Journal 14, 2015.
- Berridge G. R., *Diplomacy : Theory and Practice*, Palgrave, New York, 2002.
- Богданова Ј., *Превентивна дипломатија.Улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија*, Унивирзитет Гоце Делчев-Штип,Штип, 2011.
- Бакрески О., *Воена дипломатија*, Универзитетско помагало, Филозофски факултет, Скопје, 2011.
- Бакрески О., Барџиева Миовска Л., *Дипломатијата и безбедноста*, Филозофски факултет, Скопје, 2021.
- Bolewski, W., *Diplomacy and International Law in Globalized Relations*, Springer Berlin, Heidelberg, 2007.
- Blagojević V., *Funkcije odbrambene diplomatije u međunarodnom pravu*, Godišnjak Fakulteta bezbednosti, Fakultet bezbednosti, Beograd, 2015.
- Vignesh R., *India's Defence Diplomacy with Southeast Asia: An Impetus to Act East*, Journal of Defence Studies, Vol. 12, No. 3, 2018.
- Георгиева Л., *Безбедносната стратегија на ЕУ и превенција на конфликти*, Годишен зборник на Филозофски факултет, 2006.
- Гоцески Т., *Основи на системот на националната одбрана*, Куманово, 1998.
- Гоцевски Т., Ортаковски В., Георгиева Л., *Разрешување и трансформаија на конфликтите,* Македонска ризница, Куманово, 1999.

– *Градење вредносен и безбедносен систем : услов за интеграција во НАТО,* зборник на трудови од Научната конференција Скопје, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2019.

– Дамјановић Д., докторски рад, *Улога одбрамбене дипломатије у савременим међународним односима*, Факултет Безбедности, Универзитет у Београду, 2013.

– Димовска П., *Создаваме систем на родова еднаквост кој е инклузивен, разновиден, ефективен и ефикасен*, Штит - посебно издание, Министерство за одбрана на Република Северна Македонија

– Drab L. *Defence Diplomacy of Selected States – Searching for a Universal Model of Defence Diplomacy*, Polish Political Science Yearbook. 2023.

– Drab L. *Defence diplomacy – an important tool for the implementation of foreign policy and security of the state*, Security and Defence Quarterly. 2018 doi:10.5604/01.3001.0012.5152.

– Ѓуровски, М.: Докторска дисертација, *Анализа на современите теориско-концепциски пристапи во креирањето на безбедносната политика на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2014.

– *Enciklopedija politicke culture*, Savremena administracija, Beograd, 1993.

– Запрова Т., *Дипломатска организација, дејност и професија* - Универзитет "Гоце Делчев", Штип, 2014.

– Зечевич М., Војна дипломатија, Војно издавачкии новински центар, Београд, 1990.

– Јовановски, З., *Воена дипломатија*, Напредок, Тетово, 2018.

– Јовановски З., Каровска-Анддоновска Б., Мултилатерална дипломатија и нејзината поставеност спрема меѓународното и дипломатско право, Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2018.

– Jie G., Kenneth W. A., *Re-Engaging With the World: China's Military Diplomacy in 2023*- US Naval War College, Rhode Island, 2024.

- Карагаќа М., *Одбранбена дипломатија*, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, Београд, 2007.
- Kos-Stanišić L., Domjančić S., *Diplomacija u međunarodnim odnosima: od vojne diplomacije preko obrambene diplomacije do diplomacije sigurnosti*?. Anali Hrvatskog politološkog društva [Internet]. 2021
- Маневска М., Магистерски труд - *Улогата на одбранбената дипломатија во остварувањето на националната безбедност на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2015
- Малески Д., *Меѓународна политика*, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2000.
- Маролов Д., *Меѓународно јавно право*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2020.
- Митревска М., Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет, Скопје, 2018.
- *National Security Policies*, SSR Backgrounder Series, DCAF – Geneva, 2015.
- Nicolson, H., *Diplomac*y, Oxford University Press, London , 1950.
- Ogorec M., *Vojno-diplomatska praksa*, Golden Marketing - Tehnicka kwiga, Zagreb 2005.
- Ogorec, M., *Hrvatska vojna diplomacija u sustavu kolektivne sigurnosti*. Institut društvenih znanosti Ivo Pilar, 2009.
- Pajtinka E., *Military Diplomacy and Its Present Functions*, Security Dimensions. International and National Studies. 2016.
- Рајковчевски Р., *Градење безбедносна политика : случајот на Република Македонија. - Фондација Конрад Аденауер*, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

- Смиљанов С.: Докторска дисертација – *Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија*, Филозофски Факултет, Скопје, 2021.
- *Современа македонска одбрана*, Министерство за одбрана на Република Македонија, бр.21, 2012.
- Sorin G., *Fields of classic diplomacy with which defence diplomacy interacts horizontally. preventive diplomacy, coercive diplomac*y, “Carol I” National Defence University, Bucharest, Romania, 2014.
- Петревски Т., *Улогата на воената дипломатија во зачленувањето на Република Македонија во НАТО*, Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, бр.21, 2012.
- Фрчковски, Љ., Тупорковски, В., Ортаковски, В., *Меѓународно јавно право*, Табернакул, Скопје, 1995.
- Cottey A. and Foster A.: *Reshaping Defence Diplomacy: New Roles for Military Cooperation and Assistanc*e, The International Institute for Strategic Studies, Oxford University Press, Oxford, 2004.
- Chase. W. F., *The Diplomats Dictionary*, United States Institute of Peace Press,Washington, 1997.
- Willard, J. E., *Military Diplomacy: an Essential Tool of Foreign Policy at the Theatre Strategic Level*, United States Army Command and General Staff College, 2006.
- Winger, G., The Velvet Gauntlet*., A Theory of Defense Diplomacy. In: What Do Ideas Do?*, ed. A. Lisiak, N. Smolenski, Vienna: IWM Junior Visiting Fellows Conferences, 2014.
- Wolf Jr C., Rosen B., *Public Diplomacy How to Think About and Improve It*, RAND Corporation, 2004.

**Документи**


- Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2023 – 2032, Сл. весник бр.91 од 28.04.2023 година.
- Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана 2023 – 2024 година, бр.10-610/1 од 06.02.2023 година.
- Концепт на одбранбената дипломатија, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2006 година.
- Национална концепција за безбедност и одбрана, Сл. весник бр.40 од 24.03.2003 година.
- Стратегија за одбрана на Република Северна Македонија. Службен весник бр.75 од 24.03.2020 година.
- Стратегиски Одбранбен Преглед, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2018 година.
- Vienna Convention on Diplomatic and Optinal Protocol on Desputes, Vienna, 1961.
- The Strategic Defence Review, United Kingdom, Ministry of Defence, 1998.
- United States Strategy to Prevent Conflict and Promote Stability of 2020, United States of America, 2020.
- Defence Diplomacy Plan, Ministerio de Defensa, Madrid, 2012.


**Веб- сајтови:**


- https://treaties.un.org/doc/Treaties/1964/06/19640624%2002-10%20AM/Ch_III_3p.pdf
- https://www.britannica.com/topic/diplomacy/Conference-diplomacy
- https://www.britannica.com/topic/European-Union

- http://www.websterdictionary.org/definition/defence%20policyhttps://www.deccanchronicle.com/business/companies/200617/tata-lockheed-martin-announce-deal-to-make-f-16-fighter-jets-in-india.html
- https://www.forbes.com/advisor/business/what-is-five-eyes/
- https://www.iwm.at/publications/5-junior-visiting-fellows-conferences/the-velvet-gauntlet/
- https://www.europarl.europa.eu/ftu/pdf/en/FTU_5.1.2.pdf
- https://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_17120.htm
- https://balkandefencemonitor.com/bdm-by-topic/women-in-the-defencesystem/пристапено на 23.02.2024
- https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/02_country_ranking_68_november_2023_revision_1.pdf
- https://360stepeni.mk/uchestvoto-vo-kfor-e-prvata-nato-misija-za-nashata-armija/
- https://www.forbes.com/advisor/business/what-is-five-eyes/
- https://mil.mk/vezhbi/
- https://www.brookings.edu/articles/the-use-of-military-diplomacy-in-great-power-competition/